**A-8-5 ПРИВРЕМЕН УВОЗ ...... 3**

**A-8-5-1 Општо 3**

***A-8-5-1-1 Целосно ослободување од увозни давачки ...... 4***
**A-8-5-1-1-1 Палети** ...... 5
**A-8-5-1-1-2 Контејнери** ...... 6
**A-8-5-1-1-3 Други транспортни средства** ...... 6
**A-8-5-1-1-4 Лични предмети; стока за спортски цели** ...... 10
**A-8-5-1-1-5 Материјали за помош при непогоди** ...... 11
**A-8-5-1-1-6 Медицинска, хируршка и лабораториска опрема** ...... 11
**A-8-5-1-1-7 Животни** ...... 12
**A-8-5-1-1-8 Стока за погранични зони** ...... 12
**A-8-5-1-1-9 Носачи на звук, слика или податоци** ...... 13
**A-8-5-1-1-10 Рекламен материјал** ...... 13
**A-8-5-1-1-11 Професионална опрема** ...... 14
**A-8-5-1-1-12 Педагошки материјал и научна опрема** ...... 15
**A-8-5-1-1-13 Амбалажа** ...... 16
**A-8-5-1-1-14 Модели, итн.; инструменти за мерење и тестирање** ...... 17
**A-8-5-1-1-15 Специјален алат и инструменти** ...... 18
**A-8-5-1-1-16 Стока за тестирање, експерименти или демонстрација** ...... 18
**A-8-5-1-1-17 Мостри на стока** ...... 19
**A-8-5-1-1-18 Заменувачки производи** ...... 19
**A-8-5-1-1-19 Стока за изложби, саеми итн.** ...... 19
**A-8-5-1-1-20 Стока за продажба за која е потребно одобрување од купувачот** ...... 20
**A-8-5-1-1-21 Уметнички дела итн. за изложби и селекции; употребувана стока за продажба на аукција** ...... 20
**A-8-5-1-1-22 Резервни делови за стока ставена во постапка** ...... 20
**A-8-5-1-1-23 Друга стока што се увезува повремено и без економски ефект** ...... 20
**A-8-5-1-1-24 Преглед - рок за повторен извоз** ...... 21
***A-8-5-1-2 Делумно ослободување од увозни давачки*** ...... 23
**A-8-5-2 Барање/Одобрение** ...... 25
***A-8-5-2-1 Барање/одобрение “со кое било друго дејствие”*** ...... 28
***A-8-5-2-2 Усно барање/одобрение*** ...... 30
**A-8-5-2-3** ***Поедноставено барање/одобрение*** ...... 31
***A-8-5-2-4 Барање /Одобрение на образец*** ...... 32
***A-8-5-2-5 АТА карнет*** ...... 37
**A-8-5-3 Ставање стока во постапка** ...... 41
***A-8-5-3-1 Декларирање стока “со кое било друго дејствие”*** ...... 42
***A-8-5-3-2 Декларирање на стока со употреба на усна декларација*** ...... 42
***A-8-5-3-3 Декларирање стока со поднесување ЕЦД*** ...... 43
***A-8-5-3-4 Декларирање стока со употреба на АТА карнет*** ...... 45
**A-8-5-4 Надзор над постапката** ...... 46
***A-8-5-4-1 Усно барање/одобрение*** ...... 46
***A-8-5-4-2 Поедноставено одобрение и одобрение на образец*** ...... 46
***A-8-5-4-3 АТА карнет*** ...... 47
**A-8-5-5 Завршување на постапката** ...... 48
**A-8-5-5-1** ***Пренесување на стоки*** ...... 49
**A-8-5-5-2** ***Повторен извоз на стока*** ...... 49
**A-8-5-5-3** ***Декларирање стока за слободен промет*** ...... 51
**A-8-5-5-4** ***Уништување на стока*** ...... 52
**A-8-5-6 Компензаторни камати** ...... 53
***A-8-5-6-1 Општо*** ...... 53
***A-8-5-6-2 Начин на пресметување*** ...... 54
***Примери - пресметка*** ...... 54

*А-8-5-6-4* *Стайка*....................................................................55
*А-8-5-6-5* *Исклучоци*....................................................................56

**ПРИЛОГ Е (ЛИСТА НА ЛИчНИ ПРЕДМЕТИ)....................................................57**

**ПРИЛОГ Ж (ЛИСТА НА СТОКА ЗА СПОРТСКИ ЦЕЛИ)..................................58**

**ПРИЛОГ З (ЛИСТА НА ПРОФЕСИОНАЛНА ОПРЕМА)..................................59**

***ПРИЛОГ 55(СЛУЧАИ ВО КОИ ВНЕСУВАЊЕТО НА СТОКА ЗА ПРИВРЕМЕН УВОЗ СО ПИСМЕНА ДЕКЛАРАЦИЈА НЕ Е ПРЕДМЕТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ГАРАНЦИЈА)*....................................................62**

**ПРИЛОГ 27 (ОБРАСЦИ НА БАРАЊЕ И ОДОБРЕНИЕ)....................................63**

**ПРИВРЕМЕН УВОЗ - ПОЕДНОСТАВЕНО ДАВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ (чЛ. 314 ОД УРЕДБАТА ЗА ПРИМЕНА НА ЦЗ)......................................................66**

**ПОПИС шТО ЈА ПРИДРУжУВА УСНАТА ЦАРИНСКА ДЕКЛАРАЦИЈА......67**

## А-8-5 Привремен увоз

Целта на оваа постапка е, поедноставување и усогласување на постапките, со цел да се промовираат економските, хуманитарните, културните, социјалните и туристичките цели.

*ЦЗ член 150*

Со примената на оваа постапка може да се дозволи целосно или делумно ослободување од плаќање увозни давачки за повеќе видови стока наменета за прецизно утврдени цели при увоз во царинското подрачје на Р Македонија и за повторен извоз во непроменета состојба.

Привременото ослободување од плаќање ДДВ се одобрува под истите услови кои важат и за ослободување од плаќање увозни давачки.

За стока која е ставена во постапка на привремен увоз не се применуваат мерките на трговска политика за пуштање на стоки во слободен промет , туку мерките кои се однесуваат на внесување на стоките во царинското подрачје на РМ.(Види дел А-5)

*Правна основа*

Правилата за привремен увоз се наоѓаат во членовите 97-104 и членовите 150-157 од Царинскиот закон, членовите 311-333 и членовите 365-395 од УСЦЗ и Законот за ДДВ.

Гореспоменатите правила се врз основа на различни меѓународни конвенции за привремен увоз, како што се: АТА конвенцијата, Истамбулска конвенција (конвенција за привремен увоз ) и др.

### А-8-5-1 Општо

Привремено увезената стока мора да остане во непроменета состојба.

*УСЦЗ член 365 (4)*

Тоа значи дека се дозволени само поправки и одржување, вклучувајќи ремонт и прилагодување или мерки за зачувување на стоката, заради задоволување на техничките барања за нејзината употреба.

*ЦЗ член 153 (2)*
*УСЦЗ член 365 (2)*

Како општо правило за стоката ставена во постапка на привремен увоз не се дозволува да биде во постапка повеќе од 24 месеци. Ограничувањата за овој рок се подетално разгледани во секој дел и во прегледот во дел А-8-5-1-1-4.

*ЦЗ член 153 (3)*
*УСЦЗ чл. 365 (2)(3)*

Меѓутоа, гореспоменатиот рок може да се продолжи во исклучителни случаи доколку имателот на одобрение поднесе детално и оправдано барање до царинскиот орган што го дал одобрението.

Се прави разлика помеѓу целосно ослободување од плаќање увозни давачки (дел А-8-5-1-1) и делумно ослободување од плаќање увозни давачка (дел А-8-5-2).

### *А-8-5-1-1 Целосно ослободување од увозни давачки*

Во табелата подолу е даден шематски преглед на различни видови привремен увоз со повикување на Уредбата за спроведување на царинскиот закон и во овој дел правилата се подетално разгледани:

| **Со одредбите е дозволен привремен увоз со целосно ослободување од плаќање увозн давачки во следните случаи:** | **Член од УСЦЗ** | **Дел** |
|---|---|---|
| Палети; | 368 | А-8-5-1-1-1 |
| Контејнери; | 369 | А-8-5-1-1-2 |
| Други транспортни средства; | 370 - 374 | А-8-5-1-1-3 |
| Лични предмети и стока за спортски цели увезени од патници; | 375 | А-8-5-1-1-4 |
| Материјали за помош при непогоди; | 376 | А-8-5-1-1-5 |
| Медицинска, хируршка и лабораториска опрема; | 377 | А-8-5-1-1-6 |
| Стока за пограничните зони; | 378 | А-8-5-1-1-8 |
| Носачи на звук, слики или податоци ; | 379 | А-8-5-1-1-9 |
| Рекламен материјал; | 379 | А-8-5-1-1-10 |
| Професионална опрема: | 380 | |
| Педагошки материјал и научна опрема; | 381 | А-8-5-1-1-12 |
| Амбалажа; | 382 | А-8-5-1-1-13 |

| | | |
|---|---|---|
| Модели, калапи, матрици итн.; инструменти за мерење, проверка и тестирање; специјални алати и инструменти; | 383 (1) | А-8-5-1-1-14 |
| Специјален алат и инструменти; | 383 (2) | А-8-5-1-1-15 |
| Стока која се употребува за тестирање или е предмет на тестови, експерименти или демонстрација; | 384 | А-8-5-1-1-16 |
| Мостри за демонстрација; | 385 | А-8-5-1-1-17 |
| Заменувачки производи додека сличната стока се наоѓа на поправка; | 386 | А-8-5-1-1-18 |
| Стока за изложби, саеми итн. | 387 (1) | А-8-5-1-1-19 |
| Стока за продажба за која е потребно одобрување од купувачот | 387 (2) | А-8-5-1-1-20 |
| Уметнички дела, колекционерски предмети и антиквитети за изложби и селекции; употребена стока за продажба на аукција. | 387 (3) | А-8-5-1-1-21 |
| Резервни делови итн. коишто се употребуваат за поправки и одржување на стока ставена во постапка; | 388 | А-8-5-1-1-22 |
| Стока којашто се увезува повремено и која останува во Република Македонија најмногу три месеци; | 389 | А-8-5-1-1-23 |

## А-8-5-1-1-1 Палети

*УСЦЗ член 368*

Целосно ослободување од увозни давачки се одобрува за палети .

Палета е:

- направа на чија површина може да се спакува количина стока за да се создаде единица товар за превоз, ракување или редење со помош на механички помагала; и
- направена од две површини одвоени една од друга со потпирачи или единствена површина поставена врз основа на ногалки или посебна површина направена за воздушен транспорт со вкупна тежина намалена на минимално потребната за ракување со

помош на вилушкар или палетар; може, а не мора да има надградба.

Постапката за привремен увоз на палети е подетално објаснета во делот од ова Упатство бр.А-8-5-8

***ЦЗ член 153(2)*** Рок за повторен извоз - види преглед во дел А-8-5-1-1-24.

**А-8-5-1-1-2 Контејнери**

*УСЦЗ член 369* Целосно ослободување од увозни давачки се дава за контејнери кога се трајно обележани на соодветно и лесно видливо место.

Контејнер може да се дефинира како елемент од превозна опрема т.е. пренослив резервоар, приколка или друга конструкција:

*УСЦЗ 367 (2)* Ова правило ги опфаќа и помошните средства и опрема доколку се транспортираат заедно со контејнерот.

Постапката на привремен увоз на контејнери е подетално објаснета во делот бр. А-8-5-8 до ова Упатство.

***ЦЗ член 153(2)*** Рок за повторен извоз - види преглед во дел А-8-5-1-1-24.

**А-8-5-1-1-3 Други транспортни средства**

***Општо***

*УСЦЗ член 367 (1)* Во овој дел се употребуваат следните дефиниции:

**Комерцијална употреба:** е употреба на транспортни средства за превоз на луѓе или стока, за надомест или како дел од вообичаените економски активности на лицето.

**Приватна употреба**: е сета друга употреба различна од комерцијалната употреба.

**Внатрешен промет**: е транспорт на стока или луѓе со појдовно и крајно одредиште во Македонија.

Следните транспортни средства кои се привремено увезени во РМ за комерцијална или приватна употреба може да добијат ослободување од плаќање увозни давачки и ДДВ:

- моторни патнички возила вклучувајќи велосипеди со мотор, приколки/каравани увезени заедно со возилото;

- железнички транспорт (локомотиви, железнички вагони и шински возила) од секаков вид за превоз на стока или патници;

- цивилни воздухоплови (секаков вид на цивилна воздушна пловидба со и без мотор). Некои примери на прифатливи воздухоплови може да бидат: лесни авиони, лесни воздухоплови, балони на жежок воздух и глајдери;

- бродови за езера и реки од било каков вид за транспорт на стока или луѓе;

*УСЦЗ член 367 (2)*

- обични резервни делови, помошни средства и опрема што ги придружуваат транспортните средства;

***Услови***

Привремен увоз со целосно ослободување може да се одобри:

- на било кое лице со седиште и живеалиште **надвор** од Македонија за употебување на транспортните средства спомената погоре, во следните околности;

| **Табела 1** | | | |
|---|---|---|---|
| **Транспортни средства...** | **Комерцијална употреба** | **Дозволена приватна употреба** | **Повикување** |
| Регистрирани надвор од Македонија на име на лице со седиште надвор од Македонија (доколку не е регистрирано, само ако е во сопственост на лице со седиште надвор од Македонија) | Транспортни средства наменети исклучиво за транспорт кој почнува и завршува надвор од Македонија | Види табела 3 подолу | УСЦЗ 370 (1) |
| Привремено регистрирани во Македонија | Доколку постои намера за повторен извоз на име на лице со седиште надвор од Македонија | | УСЦЗ 373(1) а) |
| Регистрирани надвор од РМ и повторно најмени од страна на професионално друштво за изнајмување со седиште во Македонија, на лице надвор од РМ | Повторниот извоз мора да се изврши во рок од 8 дена од стапувањето во сила на договорот за изнајмување | | УСЦЗ 370 (2) |

- на лице со седиште **во** Македонија:

| **Табела 2** | | | |
|---|---|---|---|
| **Транспортни средства/услови** | **Употреба** | **Рок за повторен извоз** | **Повикување** |
| Какви било транспортни средства употребувани од страна на физичко лице со седиште во Македонија | Повремено изнајмени за приватна употреба според писмен договор за враќање во нивното место на живеење во РМ | Повторниот извоз или враќање во друштвото за изнајмување мора да се изврши во рок од 5 дена од стапувањето во сила надоговоротза изнајмување | УСЦЗ 372 (1) а)<br>УСЦЗ 372 (2) |
| Кои било транспортни средства употребувани од страна на физичко лице со седиште во Македонија | Повремено изнајмени за приватна употреба според писмен договор за напуштање на Македонија | Повторниот извоз или враќање во службата за изнајмување мора да се изврши во рок од 2 дена од стапувањето во сила на договорот за изнајмување | УСЦЗ 372 (1) б)<br>УСЦЗ 372(2) потстав 2 |
| Кои било транспортни средства кои треба привремено да се регистрираат во РМ на име на лице со седиште во Македонија | Лицето се подготвува да го промени местото на живеење во место надвор од Македонија | Повторниот извоз мора да се изврши во рок од 3 месеци од стапувањето во сила на привремената регистрација | УСЦЗ 373(1) б) |
| Кои било транспортни средства употребувани од лице со седиште во Македонија | Приватна или комерцијална употреба од страна на лице вработено и овластено од страна на сопственикот кој мора да има седиште надвор од РМ. Приватната употреба мора да биде предвидена во неговиот договор за вработување. *Не може да се одобри во случај на повеќекратна* | Патен транспорт за приватна употреба: 6 месеци<br>Комерцијална употреба: времето потребно за транспортните операции | УСЦЗ 372 (2)<br>УСЦЗ 374 в)<br>УСЦЗ 374 б) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | *(систематска) употреба* | | |
| Какви било транспортни средства употребувани од страна на физичко лице со седиште во РМ по налог на имателот на регистрација кој се наоѓа во Македонија за време на употребата | Повремена приватна употреба | Кога имателот на регистрација ја напушта Македонија во рок од | УСЦЗ 372 (1)<br>УСЦЗ 374 в) |
| Какви било транспортни средства | Каква било употреба во итни случаи не подолго од 5 дена | Најмногу 24 месеци | УСЦЗ 371 б) |
| Какви било транспортни средства употребувани од страна на професионално друштво за изнајмување со седиште во РМ | Во корист на лицата со седиште во Македонија | Во рок од 5 дена од внесувањето | УСЦЗ 371 в) |
| Какви било транспортни средства во исклучителни случаи од страна на лице со седиште во Македонија | Само комерцијална употреба: претходно мора да се побара одобрение од страна на царинскиот орган | Индивидуално ограничен рок - | УСЦЗ 373 (3) |

Освен во околностите споменати во **табела 2**, следните транспортни средства може да останат во Македонија:

| **Табела 3** | | | |
|---|---|---|---|
| **Транспортни средства** | **Комерцијална/приватна употреба** | **Рок за употреба** | **Повикување** |
| Железнички транспорт | Комерцијална / приватна употреба | 12 месеци | УСЦЗ 374 а) |
| Патен транспорт | Комерцијален | Време потребно за извршување на | УСЦЗ 374 б) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | транспортните операции | УСЦЗ 365 (2) |
| | Приватна употреба од страна на студенти | Време на престој на студентот во Македонија заради студии како единствена причина | УСЦЗ 374 в) |
| | Приватна употреба од страна на лица за извршување задачи со утврдено времетраење | Време на престој на лицето во РМ заради извршување задача како | УСЦЗ 374 в) |
| | Приватна употреба во други случаи, вклучувајќи животни за јавање или влечни животни и возилата што ги влечат | 6 месеци | УСЦЗ 374 в) |
| Воздухоплови | Комерцијална употреба | Време потребно за извршување транспортни операции | УСЦЗ 374 б) |
| | Приватна употреба | 6 месеци | УСЦЗ 374 г) |
| Поморски, езерски и речен транспорт | Комерцијална употреба | Време потребно за извршување на транспортните операции | УСЦЗ 374 б) |
| | Приватна употреба | 18 месеци | УСЦЗ 374 д) |

**А-8-5-1-1-4 Лични предмети; стока за спортски цели**

*УСЦЗ член 375*

Целосно ослободување од плаќање увозни давачки може да се одобри за следните видови стока:

- лични предмети на патникот (нецелосна листа на стоката за која важи ова правило е дадена во прилог Е);

- стока што е увезена од страна на патници за спортски цели, вклучувајќи и спортски реквизити и други предмети наменети за учество во спортски натпревари, спортски манифестации или

обука (нецелосна листа на стока за која важи ова правило е наведена во прилог Ж);

*УСЦЗ член 143 а)* **Патник е:**

- **секое лице кое привремено влегува во царинското подрачје на Република Македонија, и кое нема живеалиште или одобрен престој во Република Македонија;**

Рок за повторен извоз - види преглед во дел А-8-5-1-1-24.

**А-8-5-1-1-5** **Материјали за помош при непогоди**

*УСЦЗ член 376* Целосно ослободување од плаќање увозни давачки може да се одобри за материјали за помош при непогоди за кои постои намера да се употребат за справување со последици од природни непогоди во Македонија.

***Услови***

За да може материјалите да се увезат во оваа постапка, истите мора да се:

- увезени на заем;

- наменети за државни тела или тела овластени од надлежни власти;(дали се вклучени општини, лок.самоуправа)

Рок за повторен извоз - види преглед во дел А-8-5-1-1-24.

**А-8-5-1-1-6** **Медицинска, хируршка и лабораториска опрема**

*УСЦЗ член 377* Целосно ослободување од плаќање увозни давачки може да се одобри за медицинска, хируршка и лабораториска опрема за болници и клиники.

***Услови:***

Условите за употреба на постапката е односната опрема:

- повремено да се испраќа на заем;

- е наменета за употреба за дијагностички или терапевтски цели;

Повремено значи дека опремата се испраќа на барање на болници и клиники кои имаат итна потреба за ваква опрема како резултат на исклучителни околности.

Рок за повторен извоз - види преглед во дел А-8-5-1-1-24.

**А-8-5-1-1-7 Животни**

*УСЦЗ член 378*

Целосно ослободување од плаќање увозни давачки може да се одобри за секаков вид животни кои се увезени, на пример, за дресура, обука, расплод или ветеринарен третман и кои припаѓаат на лица надвор од Македонија.

Причините зашто можат да се увезат животни се наведени во следната листа:

- дресура, обука, расплод, потковување или мерење, ветеринарен третман, тестирање (на пример, со намера за купување);
- учество во претстави, изложби, избори, натпревари, или демонстрации;
- забава, тури (вклучувајќи животни на патници)
- вежбовни активности (полициски кучиња или коњи, кучиња за откривање, кучиња водачи за слепи лица, итн.);
- операции за спасување;
- селење или пасење;
- извршување работа или транспорт; и
- медицински цели (испорака на змиски отров, и слично).

*УСЦЗ член 365 (1)*

Млади на животни (ждребе, јагниња, кутриња, итн.) ставени во постапка на привремен увоз се сметаат како странска стока и се смета дека се ставени во постапка во моментот на нивното раѓање.

Рок за повторен извоз - види преглед во дел А-8-5-1-1-24.

**А-8-5-1-1-8 Стока за погранични зони**

*УСЦЗ член 378(2)*

Целосно ослободување од плаќање увозни давачки може да се одобри за различни видови стока наменета за активности специфични за пограничната зона во сопственост на лице со седиште или живеалиште во соседната погранична зона или опрема која се употребува во изградба, поправка и одржување на инфраструктурата од општ интерес во граничната зона на Република Македонија.

***Услови***

Со овој член се опфатени два вида стока:

- опрема во сопственост на лице со седиште во соседната погранична зона и се употребува од страна на лице со седиште во пограничната зона (на пример, земјоделска опрема);

- опрема што се употребува за изградба, поправка или одржување на инфраструктура во погранична зона. Активностите се под надзор и одговорност на јавните органи (локална самоуправа, инт.).

Рок за повторен извоз - види преглед во дел А-8-5-1-1-24.

**А-8-5-1-1-9 Носачи на звук, слика или податоци**

*УСЦЗ член 379 а)*

Целосно ослободување од плаќање увозни давачки може да се одобри за носачи на звук, слика или информации за обработка на податоци заради презентација на производи, или е испорачана бесплатно, или овозможува запис на звук, продукција или копирање.

Стоката и примерите за кои може да се употребува овој член се дадени во следната нецелосна листа:

- позитиви од кинематографски филмови, снимени и развиени, како и други снимени носачи на звук наменети за прикажување пред нивна комерцијална употреба;

- филмови, магнетоскопски ленти, жици и други носачи на звук заедно со звучна продуцирана или преснимена лента;

- филмови со кои се прикажува видот и употребата на странскиот производ, доколку не се наменети за јавно прикажување со наплата;

- медиуми носачи на податоци испратени бесплатно за автоматска обработка на податоци;

Рок за повторен извоз - види преглед во дел А-8-5-1-1-24.

**А-8-5-1-1-10 Рекламен материјал**

*УСЦЗ член 379 б)*

Целосно ослободување од плаќање увозни давачки може да се даде за материјали што се употребуваат исклучиво за рекламни цели.

Стоката и примерите за кои може да се употребува овој член се наведени во следната нецелосна листа:

- материјал наменет за изложување во канцеларии на акредитирани претставници или соработници назначени од страна на државни туристички агенции или на други места одобрени од царинските органи;

    - слики и цртежи;
    - врамени фотографии и зголемени фотографии;
    - уметнички книги;
    - уметнички слики, гравури или литографии;
    - скулптури и таписерии;
    - други слични уметнички дела.

- материјал наменет за изложување во излози, на штандови и слични предмети, вклучувајќи електрична и механичка опрема потребна за таа цел;

- документарни филмови, плочи, снимки на касети и други звучни снимки наменети за употреба во претстави за кои не се наплаќа, со исклучок на оние чија содржина е за комерцијално рекламирање и оние кои се наоѓаат во општа продажба во Македонија;

- разумен број на знамиња;

- макети, слајдови, шеми, фотографски негативи, примероци, во разумен број, на рачно изработени традиционални предмети, народни носии и слични фолклорни предмети.

- Други предмети кои поради нивната природа може да се употребуваат само за рекламирање за посебни цели;

Рок за повторен извоз - види преглед во дел А-8-5-1-1-24.

**А-8-5-1-1-11** **Професионална опрема**

*УСЦЗ член 380* Целосно ослободување од плаќање увозни давачки може да се даде за професионална опрема.

***Услови***

*УСЦЗ член 380 (1)* Стоката (професионална опрема) мора да е:

- во сопственост на лице со седиште надвор од Македонија;

- увезена или од лице со седиште надвор од Македонија или од вработен кај сопственикот (вработениот може да има седиште во Македонија); и

- употребувана од страна на увозникот или под негов надзор, освен во случаи на аудио-визуелна копродукција.

*УСЦЗ член 380 (2)* Целосно ослободување **не се применува**:

- за опрема наменета за индустриско производство или пакување стока, или

- за искористување на природни ресурси (освен за рачен алат), или

- за изградба, поправка или одржување на згради или за земјани работи и слични проекти.

Стоката за која се однесува ова правило е наведена во прилог З.

Рок за повторен извоз - види преглед во дел А-8-5-1-1-24.

## А-8-5-1-1-12 Педагошки материјал и научна опрема

*УСЦЗ член 381* Целосно ослободување од плаќање увозни давачки може да се даде за педагошки материјал и научна опрема.

***Услови***

Стоката (педагошки материјал и научна опрема) мора да:

- е во сопственост на лице со седиште надвор од Македонија;

- е увезена или од страна на јавни или приватни научни установи или установи за образование кои се непрофитни и работат исклучиво на образование, стручно обучување или научно истражување под нивна одговорност;

- е увезена во разумен број, со назнака на целта на нивниот увоз; и

- не се употребува во комерцијални цели.

Стоката за која што се однесува овој член е наведена во следната нецелосна листа:

- апарати за снимање или репродукција на звук или слики, како што се проектори за слајдови и филмски ленти, кинематографски проектори,

оптоскопи, магнетофони, магнетоскопи, и видео опрема, телевизиска опрема;

- медиуми за звуци и слики, како што се слајдови, филмски ленти и микрофилмови, кинематографски филмови, звучни снимки (магнетоскопски ленти, дискови), видеоленти;

- специјализирани материјали, како што се библиографска опрема и аудио-визуелни материјали за библиотеки, мобилни библиотеки, јазични лаборатории, опрема за симултано преведување, програмирани наставни машини, механички или електронски, посебно подготвен материјал за образование или професионално обучување на лица со посебни потреби;

- други материјали, како што се ѕидни шеми, модели, графикони, мапи, планови, фотографии и цртежи, инструменти, апарати и модели за демонстрација, колекции на предмети со визуелни и звучни наставни податоци подготвени за предавања на одреден предмет (комплети за учење), инструменти, апарати, алати и машински алати за учење на занимања или занаети, вклучувајќи посебно адаптирани или направени возила за помош при непогоди, увезени заради обука на лица што учествуваат во помош при непогоди; и

- друга стока увезена заради образовни, научни или културни активности: костими и сценски реквизити испратени за бесплатно позајмување на драмски друштва или театри, музички снимки испратени за бесплатно позајмување на музички театри или оркестри.

Рок за повторен извоз -види преглед во дел А-8-5-1-1-24.

**А-8-5-1-1-13 Амбалажа**

*УСЦЗ член 382*

Целосно ослободување од увозни давачки може да се даде за амбалажа.

***Услови***

Целосно ослободување може да се даде за амбалажа доколку се исполнети следните услови:

- може да се препознае при повторниот извоз;

- доколку при увозот била полна, при повторниот извоз треба да е празна или полна;

- доколку е увезена празна, при повторниот извоз треба да е полна;

- амбалажата увезена во оваа постапка не може да се употребува помеѓу две места во Македонија, освен доколку е наменета за

извоз на стока надвор од Македонија. За амбалажата која е увезена полна, оваа забрана стапува на сила од моментот кога амбалажата ќе се испразни;

Стоката за која што се однесува овој член е наведена во следната нецелосна листа:

- амбалажа која се употребува или е наменета за употреба како надворешно или внатрешно пакување на стоката;

- амбалажа за виткање, превиткување или зацврстување на стоката;

- држачи на кои стоката е, или треба да биде завиткана, намотана или прикачена; и

- материјали потребни за заштита, пакување, или одвојување стока при транзит и може да се состојат од даски, ќебиња, простирки и штитници за заштита на стоката, водоотпорни платна, рамки и прекривки.

Материјалите за амбалажа, како на пример, сено, хартија, стаклена волна, струготини не се препознаваат, но целосно ослободување за овие видови амбалажа може да се даде во согласност со членот 389 од УСЦЗ - види дел А-8-5-1-1-23.

Рок за повторен извоз - види дел А-8-5-1-1-24.

Подетални појаснувања за постапката на привремен увоз  на амбалажа се дадени во  дел А-8-5-8.

**А-8-5-1-1-14 Модели,  итн.; инструменти за мерење и тестирање**

*УСЦЗ член 383 (1)* Целосно ослободување од увозни давачки може да се даде за следната стока:

- калапи, модели, матрици, блокови за печатење, цртежи, нацрти и други слични предмети;

- инструменти за мерење, проверка и тестирање;

***Услови***

Стоката мора да:

- биде во сопственост на лице со седиште и живеалиште надвор од Македонија; и

- се употребува за производство од лице со седиште и живеалиште во Македонија; и

- се употребува на начин кој  по правило не доведува до нејзино уништување во текот на производството

- се извезува со најмалку 75% од производството добиено како резултат од нивната употреба.

Рок за повторен извоз - види дел А-8-5-1-1-24.

**А-8-5-1-1-15** **Специјален алат и инструменти**

*УСЦЗ член 383 (2)* Целосно ослободување од увозни давачки може да се даде за специјален алат и инструменти.

***Услови***

Стоката мора да:

- биде во сопственост на лице со седиште надвор од Македонија; и

- е ставена на располагање за бесплатна употреба од лице со седиште и живеалиште во Македонија; и

- се извезува целосно.

- се употребува на начин кој  по правило не доведува до нејзино уништување во текот на производството

Рок за повторен извоз - види дел А-8-5-1-1-24.

**А-8-5-1-1-16** **Стока за тестирање, експерименти или демонстрација**

*УСЦЗ член 384* Целосно ослободување од увозни давачки може да се даде за следната стока:

- која било стока која е предмет единствено на тестирање, експерименти или демонстрации; и

- која било стока увезена со договор за купопродажба која мора да подлежи на атест; и

- која било стока ставена во постапка со цел да се употреби за вршење тестови или експерименти на, или демонстрација за, друга стока без финансиска добивка. Стоката која е предмет на тестирање, експерименти или демонстрација може да биде домашна стока.

Рок за повторен извоз - види дел А-8-5-1-1-24.

**А-8-5-1-1-17 Мостри на стока**

*УСЦЗ член 385* Целосно ослободување од увозни давачки може да се даде за мостри во разумни количини заради прикажување или демонстрација во Македонија.

Мостри се примероци на посебна категорија стока која е веќе произведена, или се примери на стока наменета за производство.

Мострите претставуваат предмети за презентација на одредена категорија на веќе произведена стокаили се примерок на стока за која се планирапроизводствово иднина, мегутоа не вклучува идентични примероци кои се внесени од исто лице или испратени на еден примач во толкава количина што земена целосно повеќе не претставуваат мостри според вообичаената трговска пракса.

***Услови***

Овие мостри се употребуваат само за прикажување или демонстрација со цел да се добијат нарачки за слична стока. Стоката не смее да се продаде или употреби на друг начин освен за демонстрација.

Рок за повторен извоз - види дел А-8-5-1-1-24.

**А-8-5-1-1-18 Заменувачки производи**

*УСЦЗ член 386* Целосно ослободување од увозни давачки може да се даде за заменувачка стока за производство.

Заменувачки производи за производство се инструменти, апарати и машини кои се даваат врз привремена основа на бесплатно располагање на клиентот од страна на добавувачот или поправачот на истоветната стока, се додека не се испорача или поправи самиот производ.

Рок за повторен извоз - види дел А-8-5-1-1-24.

**А-8-5-1-1-19 Стока за изложби, саеми итн.**

*УСЦЗ член 387 (1)* Целосно ослободување од увозни давачки може да се даде за стока наменета за изложби или јавни настани како што се саеми, изложби, средби првенствено организирани за добротворни цели, за промовирање на дел од студии, уметност, занаетчиство,спорт или слични настани.

Истото важи за стока добиена на такви настани од стока ставена во постапка на привремен увоз.

Рок за повторен извоз - види дел А-8-5-1-1-24.

**А-8-5-1-1-20 Стока за продажба за која е потребно одобрување од купувачот**

*УСЦЗ член 387 (2)*

Целосно ослободување од увозни давачки може да се даде за увезена стока за која е потребно одобрување од купувачот.

Овој член може да се употреби во ситуации кога членот 385 од УСЦЗ за целосно ослободување од увозни давачки не може да се употреби и кога испраќачот од своја страна сака да ја продаде стоката и купувачот може да одлучи да ја купи ако е задоволен од истата.

Рок за повторен извоз - види дел А-8-5-1-1-24.

**А-8-5-1-1-21 Уметнички дела итн. за изложби и селекции; употребувана стока за продажба на аукција**

*УСЦЗ член 387 (3)*

Целосно ослободување од увозни давачки може да се даде за уметнички дела, колекционерски предмети и антиквитети за изложби и селекции со можност за продажба.

Опфатената стока е наведена во прилог 54.

Понатаму, целосно ослободување од увозни давачки може да се даде и за употребувана стока наменета за продажба на аукција.

Рок за повторен извоз - види преглед во дел А-8-5-1-1-24.

**А-8-5-1-1-22 Резервни делови за стока ставена во постапка**

*УСЦЗ член 388*

Целосно ослободување од увозни давачки може да се даде за резервни делови, помошни средства и опрема наменета за поправка и одржување, вклучувајќи и влечење, прилагодување и заштита на стоката увезена во постапка на привремен увоз.

Стоката не смее да се употребува за засилување или какво било подобрување на перформансите или квалитетот на стоката ставена во постапка.

**А-8-5-1-1-23 Друга стока што се увезува повремено и без економски ефект**

*УСЦЗ член 389*

Целосно ослободување од увозни давачки може да се даде за други видови стока различни од споменатите погоре или стока што не ги исполнува горespоменатите услови за целосно ослободување.

***Услови***

Се применуваат следните услови:

- стоката се увезува повремено и не подолго до 3 месеци /или
- во одредени ситуации нема економски ефект.

*УСЦЗ член 312 (4)* Примената на овој член е можна само со одобрение од страна на надзорниот царински орган. Види дел А-8-5-2-1.

Рок за повторен извоз - види преглед во дел А-8-5-1-1-24.

**А-8-5-1-1-24 Преглед - рок за повторен извоз**

Табелата подолу дава информации за максималните рокови во кои стоката може да биде во постапка на привремен увоз со целосно ослободување.

Во ситуации кога рокот е одреден на “најмногу 24 месеци”, тоа се однесува на општото правило. Тоа не значи дека оваа стока автоматски добива рок од 24 месеци за повторен извоз. Тоа значи дека царинските органи во овие ситуации мора да го одредат рокот за повторен извоз во одобрението во согласност со времето потребно за да се постигне целта на привремениот увоз, но најдолго за 24 месеци.

**Пример**

*На 1.јули се увезени слики и се пријавени за привремен увоз со целосно ослободување. Стоката ќе се прикаже на изложба која се случува од 15.јули до 15.август.*

*Рокот за повторен извоз може во вакви ситуации да биде најмногу 24 месеци, но треба да се одреди во согласност со времето потребно за постигнување на целта за привремен увоз - во овој случај би било прифатливо да се одреди рокот за повторен извоз да истекува на 1.септември.*

| **Видови стока;** | **Член од УСЦЗ** | **Рок за повторен извоз** |
|---|---|---|
| Палети; | 368 | Најмногу 24 месеци |
| Контејнери | 369 | Најмногу 24 месеци |
| Други транспортни средства; | 370 - 374 | А-8-5-1-1-3 |

| | | |
|---|---|---|
| Лични предмети и стока за спортски цели увезени од патници; | 375 | Кога патник ја напушта земјата за најмногу 24 месеци |
| Материјали за помош при непогоди; | 376 | Најмногу 24 месеци |
| Медицинска, хируршка и лабораториска опрема; | 377 | Најмногу 24 месеци |
| Животни во сопственост на лице со седиште надвор од царинското подрачје; | 378 | А-8-5-1-1-7 |
| Стока за пограничните зони | 378 | Најмногу 24 месеци |
| Носачи на звук, слики или податоци; | 379 а) | Најмногу 24 месеци |
| Пропаганден материјал; | 379 б) | Најмногу 24 месеци |
| Професионална опрема; | 380 | Најмногу 24 месеци |
| Педагошки материјал и научна опрема; | 381 | Најмногу 24 месеци |
| Амбалажа; | 382 | Најмногу 24 месеци |
| Модели, инструменти за мерење, проверка и тестирање; специјални алати и инструменти; | 383 (1) | Најмногу 24 месеци |
| Специјален алат и инструменти; | 383 (2) | Најмногу 24 месеци |
| Стока која се употребува за тестирање или е предмет на тестови, експерименти или демонстрација;<br>-тестирање согласно договор за купопродажба | 384<br>384(б) | Најмногу 24 месеци.<br>-Стока која е предмет на атест, рокот е 6 месеци. |
| Мостри за демонстрација; | 385 | Најмногу 24 месеци |
| Заменувачки производи додека сличната стока се наоѓа на поправка; | 386 | 6 месеци |
| Стока за изложби, саеми итн. | 387 (1) | Најмногу 24 месеци |
| Стока за продажба за која е потребно | 387 (2) | 2 месеца |

| | | |
|---|---|---|
| одобрување од купувачот | | |
| Уметнички дела, колекционерски предмети и антиквитети за изложби и селекции; употребена стока за продажба на аукција. | 387 (3) | Најмногу 24 месеци |
| Резервни делови итн. коишто се употребуваат за поправки и одржување на стока ставена во постапка; | 388 | Најмногу 24 месеци |
| Стока којашто се увезува повремено и која останува во Република Македонија најмногу три месеци; | 389 | 3 месеци |

## *А-8-5-1-2 Делумно ослободување од увозни давачки*

*ЦЗ член 155* Стока во сопственост на лице со седиште надвор од Македонија може да се увезе привремено со делумно ослободување од увозни давачки во случаи:

- кога стоката не е опфатена со одредбите за привремен увоз со целосно ослободување од увозни давачки како што е опишано во А-8-5-1-1;
- кога стоката е опфатена со одредбите за привремен увоз со целосно ослободување од увозни давачки, но истата не ги исполнува условите целосно.

Постапката може да се употребува, на пример, за машини, алат итн. .

*УСЦЗ член 366*

Сепак, постапката за делумно ослободување од увозни давачки не може да се употребува за:

- потрошна стока;
- стока што се употребува за консумирање, вклучувајќи и прехрамбени производи, пијалоци и тутун;
- стока чијашто употреба има негативни последици врз човековата животна и работна средина.

*ЦЗ чл. 156 (1)* Износот на увозните давачки кој се плаќа за стока ставена во постапка на привремен увоз со делумно ослободување од плаќање на увозни давачки е 3% од износот на давачките кои би се наплатиле доколку истата стока би била пуштена во слободен промет на денот кога таа е ставена во постапка на привремен увоз, за секој месец или дел од месецот во кој стоката е ставена во постапка на привремен увоз со делумно ослободување.

*ЦЗ чл. 156 (2)* Увозните давачки што треба да се наплатат не смеат да бидат повисоки од оние што би се наплатиле доколку стоката била пуштена во слободен промет на денот на ставањето на истата во постапка на привремен увоз.

Во моментот на ставање на стоката во постапка на привремен увоз, се бара целосна гаранција за износот на увозните давачки што треба да се платат.

По завршување на постапката на привремен увоз надзорниот орган изготвува решение за пресметка на 3% од увозните давачки за секој месец или за дел од месецот додека стоката била во царинското подрачје на РМ.

**Пример:**

Царинскиот орган на подносителот на барање му одобрува привремен увоз на машина со делумно ослободување која ќе се користи во производствен процес во период од 20.03.2005година до 10.06.2005година.

Вредноста на машината изнесува10.000,00 ЕУР, трошоците на транспортот и осигурувањето надвор од царинското подрачје на РМ изнесуваат 100.000,00 денари, додека трошоците на превозот и осигурувањето до местото на намена изнесуваат 10.000,00ден.
На ден 19. 03 2005 год. била поднесена царинска декларација за привремен увоз со постапка(5300Д51), одреден е рок на повторен извоз на 10.06. 2005 год.

Курс: 1 ЕУР = 61,30 ДЕН
Вредност на привремено увезена стока: 613,000,00ДЕН
Превоз и осигурување до македонска граница : 100.000,00 ДЕН
Царинска вредност на стоката: 713.000,00 ДЕН
Превоз и осигурување до местото на намена: 10.000,00 ДЕН
Царинска стапка: 10 %
Стапка на ДДВ: 18 %

1**) Износот на увозните давачки и ДДВ при ставање на стоките во постапка на привремен увоз (28.03.2006)**

а) царина = царинска вредност **x** стапка = 713,000,00ден **x**10%= 71.300,00ден
**се пресметува, а не се наплаќа**
б) ДДВ = даночна основа **x** стапка = (царинска вредност + царина + превоз и осигурување до местото на намена) **x** 18%= (713.000,00+71.300,00+10.000,00)= 794.300,00ден **x** 18% = 142.974,00ден **износ кој се наплаќ**а

*Изменета страна 24*

2) **Висина на увозни давачки за привремен увоз со делумно ослободување согласно членот 156 од ЦЗ и чл.234 ст.1 од ЦЗ кои се наплаќаат при завршување на постапката на привремен увоз со постапка на повторен извоз:**

а) период од 20. 03. 2005 до 10. 06. 2005 значи пресметка за 3 месеци
б) царина = царина при пуштањето во слободен промет х 3% х 3 месеци =
= 71.300,00ден х 3% х 3мес = **6417,00ден** (износ кој се наплаќа со решение од страна на надзорниот орган)

## А-8-5-2 Барање/Одобрение

*ЦЗ чл. 151* Лицето кое има намера привремено да ја употребува стоката или да ја организира нејзината привремена употреба треба да има одобрение за привремен увоз.

### Евиденција

*УСЦЗ чл. 327*
*УСЦЗ 392 (2)* Имателот на одобрение мора да води детална евиденција за приемот, употребата и постапувањето за сета стока што ја увезува во постапка на привремен увоз.

Имателот на одобрение може да ја употреби својата деловна евиденција и да ја адаптира со цел обезбедување на податоци што се бараат од него.
Начинот на водење на евиденција е објаснет во дел А-8-5-2-4

### Обезбедување/гаранција

*ЦЗ член 102*

За стоката ставена во постапка на привремен увоз потребно е да се обезбеди инструмент за обезбедување на плаќањето на царински долг кој може да настане или за наплата на камати кои можат да настанат заради ненавремено плаќање на царинскиот долг (види Е-1-1) Гаранцијата се поднесува од страна на царинскиот должник (имател или неговиот застапник).

Инструменти за обезбедување се општа банкарска гаранција (општа и посебна) и готовински депозит (општ и посебен). Ако обезбедувањето на царинскиот долг се однесува на една царинска операција, тогаш тоа се смета како единечен инструмент за обезбедување на царинскиот долг, а ако се однесува на сите царински долгови кои можат да настанат за одреден период, тогаш претставува општ инструмент за обезбедување. Единечниот инструмент за обезбедување на плаќањето на царински долг се поднесува истовремено со поднесување на царинската декларација за привремен увоз. Општиот инструмент за обезбедување се поднесува пред давање на одобрението.

Одделението за наплата и буџет при Централната управа на Царинската управа е надлежно за прифаќање на инструментот за обезбедување, водење евиденција и негова наплата. Висината на инструментот за обезбедување треба да одговара на висината на царинскиот долг кој може да настане но не може да биде помал од 10.000 евра во денарска противвредност кога станува збор за општа гаранција.

Во одредени случаи, наместо горенаведените инструменти за обезбедување, може да се употреби АТА карнет (види дел А-8-5-2-4).

Табелата подолу дава преглед за кои видови стока мора да се обезбеди гаранција:

| **Вид стока;** | **УСЦЗ член** | **Потребна гаранција** |
|---|---|---|
| Палети; | 368 | Најчесто не, но може доколку е побарана писмена декларација од страна на царината во согласност со член 390 од УСЦЗ |
| Контејнери; | 369 | |
| Други транспортни средства; | 370 -374 | |
| Лични предмети и стока увезена од патници за спортски цели; | 375 | |
| Материјали за помош при непогоди; | 376 | Не, ако материјалите се наменети за државни органи или лица овластени од државните органи |
| Медицинска, хируршка и лабораториска опрема; | 377 | Да (не е потребно доколку, се работи за итен случај) |
| Животни во сопственост на лица со седиште надвор од царинското подрачје | 378 | Најчесто не, но може да биде побарана од страна на царината |
| Стока за погранични зони; | 378 | Најчесто не, но може да биде побарана од страна на царината |
| Носачи на звук, слика и податоци; | 379 а) | Да |

| | | |
|---|---|---|
| Материјали за реклами; | 379 б) | Да |
| Професионална опрема:<br>- радио и телевизиски производи, опрема за известување и возила увезени од телевизиски и радио станици поврзани со ЕБУ;<br>- медицински инструменти и апарати кои се употребуваат за пресадување органи;<br>- друго; | 380 | Не<br>Не<br>Да |
| Педагошки материјал и научна опрема; | 381 | Да |
| Амбалажа:<br>- увезена празна со трајни обележја;<br>друго; | 382 | Не<br>Да |
| Модели,.; инструменти за мерење, проверка и тестирање; | 383 (1) | Да |
| Специјален алат и инструменти; | 383 (2) | Да |
| Стока која подлежи на/се употребува за тестирање, експерименти или демонстрација; | 384 | Да |
| Мостри за демонстрација; | 385 | Да |
| Заменувачки производи додека слична стока се наоѓа на поправка; | 386 | Да |
| Стока за изложби,саеми | 387 (1) | Да |
| Стока за продажба за која е потребно | 387 (2) | Да |

| | | |
|---|---|---|
| одобрување од купувачот; | | |
| Уметнички дела, колекционерски предмети и антиквитети за изложби и селекции; употребена стока за продажба на аукција; | 387 (3) | Да |
| Резервни делови итн. наменети за поправки и одржување на стока ставена во постапка; | 388 | Да |
| Стока која се увезува повремено и за рок не подолг од 3 месеци; | 389 | Да |
| Стока за привремен увоз со делумно ослободување; | ЦЗ 155 | Да |

*УСЦЗ член 392 (1)* При ставањена стоките во постапка на привремен увоз со ЕЦД потребно е поднесување на царинска гаранција, освен во случаи од Прилог 55 од УСЦЗ.

*ЦЗчл.204(4),(5)* Гаранција не се бара во случаи кога подносител на барањето е државен орган, како и во случаи кога износот кој треба да се обезбеди не надминува 150ЕВРА во денарска противвредност

**Пет видови барања/одобренија**

Постојат пет видови барања/одобренија:

- Барање/одобрение “со кое било друго дејствие” - дел А-8-5-2-1
- Усно барање/одобрение - види дел А-8-5-2-2
- Поедноставено барање/одобрение - види дел А-8-5-2-3
- Одобрение на образец А-8-5-2-4
- АТА карнет - види дел А-8-5-2-5

### *А-8-5-2-1 Барање/одобрение “со кое било друго дејствие”*

*УСЦЗ член 140*

Табелата подолу претставува преглед на видовите стока за кои што може да се употреби усно барање/одобрение “со кое било друго дејствие”:

| Видови стока: | УСЦЗ - член: |
|---|---|
| Други транспортни средства (транспортни средства регистрирани надвор од Македонија и се употребуваат во приватни или деловни цели од лице со седиште надвор од Македонија) | 370 - 374 |
| ични предмети увезени од патници и стока увезена од патници за спортски цели | 375 |

*УСЦЗ член 143 а)* **Патник** е:

- **секое лице кое привремено влегува во царинското подрачје на Република Македонија, и кое нема живеалиште или одобрен престој во Република Македонија.**

*УСЦЗ член 140 (1)* Се смета дека барање, декларација за постапката и одобрение се направени и прифатени во моментот на увоз со:

- минување низ зелен канал "ништо за декларирање"; или
- минување низ царински орган кој не работи со двоканален систем без спонтано правење на царинска декларација;
- самиот акт на влез во Македонија.

*УСЦЗ член 141 (1)* Тоа значи дека стоката за која е поднесено барање, е декларирана е ставена на увид на царинскиот орган и за истата се смета дека е добиено одобрение "со кое било друго дејствие" од страна на царинскиот орган.

*УСЦЗ член 139 (2)* Кога имателот на одобрение повторно ја извезува стоката, истата може да се декларира за повторен извоз "со кое било друго дејствие" како што е опишано погоре.

*УСЦЗ член 141 (2)* Доколку стоката била пријавена (за привремен увоз или повторен извоз) "со кое било друго дејствие" и потоа е откриено дека горе споменатите услови за декларирање стока "со кое било друго дејствие" не биле исполнети, се смета дека стоката била увезена/повторно извезена незаконски.

*УСЦЗ член 390* Во ситуации кога гореспоменатата стока се увезува привремено и барањето/декларацијата се поднесени ‶со кое било друго дејствие″, царинскиот орган може да побара усна декларација согласно А-8-5-2-2 или писмена царинска декларација согласно А-8-5-2-3, доколку:

- износот на царинските давачки е висок; или
- постои сериозен ризик на неисполнување на обврските од постапката.

### А-8-5-2-2 *Усно барање/одобрение*

*УСЦЗчлен 136 (1)*
*УСЦЗчлен 312*

Табелата подолу претставува преглед на видовите стока за кои што може да се употреби усно барање/одобрение:

| Видови стока | УСЦЗ - член |
|---|---|
| Палети (*обележани со трајни ознаки на лице регистрирано надвор од царинското подрачје)* Контејнери | 368<br>369 |
| Други транспортни средства ( *кога е во прашање висок износ на увозни давачки или постои висок ризик за неисполнување на обврските од постапката)* | 370 - 374 |
| Лични предмети увезени од патници и стока кои се увезени од патници за спортски цели (*кога е во прашање висок износ на увозни давачки или постои висок ризик за неисполнување на обврските од постапката)* | 375 |
| Живи животни и опрема | 378 |
| Професионална опрема:<br>-Опрема за радио и телевизиска продукција и емитување и посебно адаптирани возила за горенаведените цели и нивната опрема привремено увезена од страна на јавни или приватни организации со седиште надвор од Македонија и одобрение од страна на царинскиот орган | 380 |
| -инструменти и апарати потребни на доктори за укажување на медицинска помош на пациенти кои чекаат трансплантација на органи | 380 |
| Амбалажа *(увезена со трајни ознаки на лицето со седиште надвор од РМ )* | 382 |
| Друга стока која повремено се увезува одобрена од надзорниот орган | 389 |

*УСЦЗ чл. 143 а)* **Патник е:**

- **секое лице кое привремено влегува во царинското подрачје на Репиблика Македонија, и кое нема жиеалиште или одобрен престој во Република Македонија.**

*УСЦЗчл.314* Барање за одобрение може да биде и усна царинска декларација за привремен увоз при што се изготвува и документ -Попис изготвен согласно прилогот кон ова упатство.

Пописот го изготвува царинскиот орган на граничниот премин (царински орган на влез) во два примерока

Усната декларација за ставање во постапка претставува барање за одобрение, а заверениот Попис претставува одобрение.

*УСЦЗ чл. 13 (2)* Кога имателот на одобрение за привремен увоз, повторно ја извезува стоката, истата може, да биде предмет на усна декларација за повторен извоз.

## А-8-5-2-3 *Поедноставено барање/одобрение*

*УСЦЗ чл.312 (3)в)* Поедноставеното давање одобрение може да се употреби за сите видови стока декларирани за привремен увоз.

*УСЦЗ член 316 б)* Во вакви ситуации, кога постои можност за поедноставено давање одобрение, декларацијата со која стоката се става во постапка може да се смета како барање. Ако царинскиот орган за ставање во постапка ја прифати декларацијата, тогаш истата претставува одобрение.

Гореспоменатите царински органи може да бидат во:

- Местото каде што се води главното книговодство на увозникот, или

- Местото каде што се врши привремената употреба на стоката.

Стоката се декларира со вообичаено пополнување на декларација, т.е. опис на стоката, тарифна ознака, царинска вредност, итн

Притоа треба да се обрне внимание на следните рубрики од ЕЦД:

**Рубрика 37** Се внесува шифрата за царинската постапка од кодексот на шифри

*УСЦЗ член 314* **Рубрика 44** Дополнителни податоци во врска со постапката за

која е поднесено барањето:

- Назив на подносителот на барањето и на операторот доколку не е истиот;

- Вид на привремен увоз со повикување на членот во УСЦЗ;
- Детален опис на целта на привремениот увоз;

- Технички опис на стоката што се става во постапка кој овозможува препознавање на истата;

- Време потребно за завршување на постапката;

- Средства за обезбедување.

*УСЦЗ член 314* Кога царинскиот орган смета дека било кој податок даден во барањето е непотполн или несоодветен тој може да побара дополнителни податоци кои може да се наведат на посебен лист кој се приложува кон царинската декларација. (образец даден во прилог на ова упатство )

Во случаите кога надзорниот орган одлучува за постапката на привремен увоз кон царинската декларација се приложува поедноставеното барање кое е дадено во прилог.

Кога се употребува поедноставено одобрение, царинскиот орган за ставање во постапка е должен да ја достави декларацијата, пред нејзиното прифаќање, и сите приложени документи до надзорниот царински орган, кој на образецот за поедноставено барање за давање на одобрение(прилог) става забелешка ”се одобрува” доколку се исполнети соодветните услови.

По завршување на декларацијата при поедноставено давање одобрение за привремен увоз, царинскиот орган за ставање во постапка е должен да ја достави оригиналната декларација со сите приложени документи до надзорниот царински орган, кој врши надзор над спроведувањето на постапката.

### *А-8-5-2-4 Барање /Одобрение на образец*

*ЦЗ член 130*

*УСЦЗ член 312 (1)* Барањето за одобрение го поднесува лице кое има намера да ја употребува стоката привремено или е организатор на употребата на стоката со пополнување на ***образец (барање и прилог на барањето) од Прилог 27.***

*ЦЗ чл. 152* Услов за давање одобрение за привремен увоз е стоката која е ставена во постпка на привремен увоз да може да биде идентификувана при повторниот извоз.

Сепак, одобрение може да се даде и доколку стоката не може да биде прецизно идентификувана, а отсуството на мерките за идентификација не предизвикува каква било злоупотреба на постапката.

Имателот на одобрение е одговорен за увозните давачки, ДДВ и сите плаќања поврзани со стоката ставена во постапка врз основа на неговото одобрение, без разлика дали е во негова сопственост или не.

Имателот на одобрение има одговорност да се погрижи:

- на сите корисници наведени во неговото одобрение или трети лица како што се застапници или декларанти, кои ставаат стока во постапка на привремен увоз врз основа на неговото одобрение, да им достави писмени упатства за стоката што треба да се внесе и постапките што треба да се следат;

- за водење евиденција за сите извршени операции;

- за плаќање на увозните давачки и ДДВ (и, по потреба компензаторната камата) за стока пуштена во слободен промет;

- да обезбеди банкарска гаранција, доколку се бара

Барањето со комплетната документација се доставува до надзорниот царински орган. Кон барањето се приложуваат дополнителни докази или документи за податоците (на пример, доказ за евиденцијата и др.) кои се дадени во барањето и чие доставување е неопходно за да може да се разгледа и одлучи по барањето.

Надзорниот царински орган го разгледува барањето и приложените документи и врши контрола кај подносителот на барањето. Во контролата учествуваат вработени во Надзорниот царински орган, вработени во Одделението за контрола и ревизија и по потреба вработени во Секторот за АОП.

По извршената контрола Надзорниот царински орган пишува мислење за поднесеното барање. Мислењето треба да биде исцрпно, јасно и да ги содржи резултатите од извршената контрола и проверки. Надзорниот царински орган мислењето и барањето за одобрение го доставува до Централната управа во рок од 20 дена од денот на прием на комплетното барање за одобрение.

Рокот од 20 дена престанува да тече доколку Надзорниот царински орган барањето го вратил за дополнување и доставување на одредена документација. Со доставување на истите рокот започнува одново да тече.

*ЦЗ член 99*
*ЦЗ член 150-152*

| Централната управа на Царинската управа може да даде одобрение само доколку: | |
|---|---|
| **1** | Подносителот на барање е лице кое има намера да ја употребува стоката привремено или е организатор на употребата |
| **2** | Привремено увезената стока може да се препознае (на пример, со мостри, цртежи, технички спецификации итн.) |
| **3** | Стоката е наменета за повторен извоз во неизменета состојба |
| **4** | Може да врши надзор и следење на постапката |
| **5** | Неопходните административни активности не се непропорционални со економската корист од одобрената постапка |

Одобрението го дава Централната управа на Царинската управа во соодветен број примероци:

- еден примерок за подносителот на барањето;
- еден примерок за Централната управа на Царинската управа;
- еден примерок за надзорните царински органи.

Надзорниот царински орган формира досие за имателот на одобрение заедно со примерок од одобрението и сите приложени документи.

Обичното давање одобрение може да му одговара на кого било кој редовно увезува стока за привремен увоз и може да се употреби за повеќе постпки на привремен увоз.

***Посебни упатства за барање/одобрение***

Образецот за барање (прилог 27) и образецот за одобрение (прилог 27) од Уредбата се речиси идентични. Во овој дел се дава детален опис на некои од важните рубрики во образецот за барање/одобрение.

**Рубрика 5 - Место и вид на евиденција**

Се впишува местото каде што се наоѓа главното книговодство (доколку е различно од рубрика 1). Тоа е местото каде што се наоѓа комерцијалното, даночното и кое било друго книговодство на подносителот на барање.

*УСЦЗ член 327*

*УСЦЗ 392 (2)* Имателот на одобрение мора да води детална евиденција за приемот, употребата и постапувањето за сета стока што ја увезува во постапка на привремен увоз.

Евиденцијата мора да ги содржи следните податоци:

- вид на стоката ставена во постапка (трговски или технички опис на стоката потребен за нејзина идентификација). Доколку има целосно одобрение описот треба да одговара на описот на стоката даден во одобрението;
- начин и вид на привремена употреба;
- обезбедување на гаранција (доколку се бара);
- место на ставање на стоката во постапка и датум и број на декларацијата;
- местото каде што се наоѓа стоката од одобрението во секој момент, и секое движење на стоката помеѓу лицата наведени во одобрението;
- локациите каде се употребува стоката;
- начин на идентификација на стоката ставена во постапка како на пример: обележја на производителот или сериски броеви, цртежи или технички опис;
- место и време на извоз на привремено увезената стока или на одредување дозволено постапување со стоката, документи за повикување на тоа постапување, и датум и број на декларацијата со која се завршува постапката. Види дел А-8-5-5.

Имателот на одобрение може да ја употреби својата деловна евиденција и да ја прилагоди со цел обезбедување на податоци што се бараат од него.

**Рубрика 6 - Рок на важење**

Рокот на важење на одобрението се наведува при давање на одобрение.

Централната Управа на Царинската Управа го одредува рокот на важење на одобрението, земајќи ги во предвид посебните услови за постапката на привремен увоз.

Сепак, Централната Управа на Царинската Управа може да го отповика одобрението доколку правилата или условите биле повредени или се повредуваат,.

**Рубрика 7 - Стока што се става во постапка**

Доколку одобрението се однесува на неколку видови стока, во подрубриката “Тарифна ознака” се впишува зборот “Разно” и се дава општ опис на природата на стоката во подрубриката “Опис”.

Податоците за тарифната ознака, количината и вредностите вообичаено не се неопходни.

Доколку подносителот на барање сака да стави стоки во постапка на привремен увоз за кои е потребно одобрение од соодветни органи (како на пример: живи животни, оружје за спортски цели и *др.*) истото мора да биде приложено кон барањето и истите мора да бидат наведени во оваа рубрика.

**Рубрика 11 - Царински органи**

***Царински орган за ставање во постапка***

*УСЦЗ член 311 е)* Царински орган за ставање во постапка е царинскиот орган надлежен за прифаќање декларации за ставање стока во постапка на привремен увоз

Како правило, царинскиот орган надлежен за местото кадешто се наоѓаат просториите на имателот на одобрение се определува како царински орган за ставање во постапка.

***Царински орган за завршување на постапка***

*УСЦЗ член 311 ѓ)* Царински орган за завршување на постапка е царинскиот орган надлежен за прифаќање декларации со кои стоката добива ново царински дозволено постапување или употреба, како на пример, повторен извоз, пуштање во слободен промет или пренесување на друг имател на одобрение.

***Надзорен царински орган***

*УСЦЗ член 311 г)* Надзорен царински орган е царинскиот орган надлежен за надзор над постапката.

Царинскиот орган врши надзор над постапката за привремен увоз подетално разгледан во А-8-5-4

**Рубрика 12 - Идентификација**

Услов за давање на одобрение за постапка на привремен увоз е стоката ставена во постапка да може да се идентификува при повторниот извоз.

*УСЦЗ член 351* Начинот на идентификација на увезената стока (рубрика 7) во добиените производи (рубрика 8) треба да се наведе од страна на подносителот на барањето и се прифаќа од страна на надзорниот орган со употреба на една од следниве шифри:

**1**. Сериски број или број на производителот
**2**. Прицврстување на пломби, печати или други обележја
**3.** Информативен лист ИНФ 6
**4.** Земање на мостри,примероци илустрации или технички опис
**5.**Останати средства за идентификација како што е евиденцијата од рубрика 5 од барањето. Деталите мора да се објаснат во рубрика 16.
**6.** без мерки на идентификација согласно чл.152 од ЦЗ

Во одобрението, како основно правило, се пропишува кои методи се употребуваат од страна на царинските органи со цел да се исполнат барањата за идентификација.

**Рубрика 13 - Рок за завршување**
За постапката на привремен увоз рокот за завршување, т.е. рок за повторен извоз на добиените производи или декларирање за друга царинска постапка Централната управа на Царинската управа го одредува во одобрението.

Рокот може да се продолжи во одредени околности.

*ЦЗ член 132 (2)*
*УСЦЗ член 353(1)* Доколку, по давање на одобрението, имателот на одобрение утврди дека му треба подолг рок за завршување, треба да поднесе писмено барање за продолжување на рокот до надзорниот царински орган. Во посебни околности рокот може да се продолжи дури и по истекување на првобитниот рок

**Рубрика 15 - Постапки на пренесување**

*УСЦЗчл. 324*

Постапката на пренесување од еден имател на одобрение на друг може исто така да се изврши кога другиот имател ја става стоката во постапка со ЕЦД во писмена форма и со употреба на редовна постапка

## *А-8-5-2-5 АТА карнет*

*УСЦЗ член 394* АТА карнет е меѓународен царински документ кој се става на увид на царинскиот орган секој пат кога стоката се внесува или изнесува од царинското подрачје. Со него се овозможува стоката да се стави во постапка на привремен увоз без плаќање на увозни давачки најмногу до една година и може да се однесува на еден или повеќе видови стока.

Постапката на гаранција е поврзана со постапката на карнетот. Ова е поставено на начин на кој што во секоја земја постои здружение кое мора да е член на меѓународна организација и истото претставува гарант. Покрај институции кои се гаранти, постојат и организации кои даваат гаранции.Во Република Македонија тоа е Стопанската Комора.

Ставањето на АТА карнетот на увид на царинскиот орган, со цел употреба на постапката на привремен увоз, е еднакво на поднесување барање за одобрение. Прифаќањето на карнетот, претставува одобрение за употреба на постапката. При започнување или завршување на постапката за привремен увоз не мора да се доставуваат царински декларации или гаранција/обезбедување.

АТА карнет може да се прифати од страна на царински органи на граничните премини единствено доколку:

- се издадени од земја која е договорна страна на АТА конвенцијата или договорна страна на Истанбулската конвенција и која ги прифатила препораките на советот за царинска соработка од 25 јуни 1992 за прифаќање на АТА карнет за постапка за привремен увоз во роковите и под условите наведени во овие препораки, и заверени и гарантирани од асоцијација која е составен дел на меѓународен ланец на гаранти;

- се заверени од страна на царински органи во соодветниот дел на предната страница;

- стоката е опфатена со АТА конвенцијата.

Стока за која може да се поднесе барање за привремен увоз со АТА карнет:

| **Стока за која може да се поднесе барање за привремен увоз со АТА карнет** | **Услови/дополнителни податоци** |
|---|---|
| Стока за изложби, саеми, средби или слични настани | Стоката не може да се издава или употребува на било каков начин заради издавање или надоместок, или да се отстранува од местото на настанот. |
| Професионалнаопрема:<br>I: за печат или за емитување на звук или телевизиско емитување (вклучувајќи специјално адаптирани возила за оваа цел) неопходна за претставници на печат или телевизиски организации кои доаѓаат во Македонија со цел пренесување или снимање материјал за | Стоката мора да е во сопственост или да е увезена од лице со седиште надвор од Македонија и да се употребува единствено од увозникот или под негов надзор. |

| | |
|---|---|
| одредени програми.<br>II: Кинематографска опрема неопходна за лицето што ја посетува Македонија со цел снимање филм или филмови.<br>III: Друга професионална опрема во сопственост на лице со седиште надвор од Македонија или увезена од истото лице, потребна за вршење на повикувањето, трговијата или професијата на лицето кое ја посетува Македонија заради извршување на одредена задача, со исклучок на:<br>- индустриска изработка или пакување на стока;<br>за искористување на природни богатства (освен за рачен алат); и изградба, поправка или одржување на згради, земјани и слични работи (освен за рачен алат). | |
| Мостри единствено за презентација на одредена категорија на веќе произведена стока или кои се примерок на стока чие производство се планира во иднина, меѓутоа не вклучува идентични предмети кои ги внесува ист поединец, или кои се испратени на еден примач во толкава количина што земена целосно повеќе не преставува мостра во вообичаена трговска смисла. | Мострите мора да се во сопственост или увезени од лице со седиште надвор од Македонија. Тие не смеат да се продаваат или употребуваат на каков било начин за издавање или надоместок. |
| Рекламни филмови, со или без звук, кои се состојат од слики кои го прикажуваат видот или работата на производите или опремата која се нуди за продажба или за издавање од страна на лице кое има седиште надвор од Македонија, под услов да се погодни за прикажување пред потенцијални купувачи, но **не** за јавно прикажување; и под услов да се увезени во пакет што содржи само една копија од секој филм и кој не преставува дел од поголема пратка на филмови; | Филмовите мора да се во сопственост или увезени од лице со седиште надвор од Македонија. Тие не смеат да се продаваат или употребуваат на каков било начин за издавање или надоместок. |
| Стока увезена за тестирање, експерименти или демонстрација или заради вршење на тестирање, експерименти или демонстрација. | Стоката не смее да се употребува за стекнување добивка. |
| Снимени и развиени кинематографски филмови, позитиви и други снимени носачи на слика, наменети за прикажување на потенцијални купувачи. | |
| Филмови, магнетни ленти, магнетизирани филмови и други носачи на звук или слика, наменети за снимање на звук, звучна монтажа или репродукција. | |
| Носачи на податоци за употреба во автоматска обработка на податоци. | Испратени бесплатно. |

| | |
|---|---|
| Предмети (вклучувајќи и возила), кои по својата природа не се погодни за ништо друго освен за рекламирање на даден производ или за пропаганда за специфични цели. | |
| Заменувачки средства за производство, привремено и бесплатно доставени до увозникот од страна или по иницијатива на добавувачот на слични производни средства кои подоцна треба да бидат увезени заради пуштање во слободен промет или производни средства кои се монтирани по извршената поправка. | Мора да бидат повторно извезени во рок од 6 месеци. |
| Стока увезена единствено за културни цели од страна на овластени институции во разумна количина согласно целта на увозот. | Стоката мора да е сопственост на лице со седиште надвор од Македонија и не смее да биде употребувана за комерцијални цели. |
| Лични предмети на патникот кои ги употребува за лична употреба за време на патување.. | Предметите мора да бидат повторно извезени најдоцна во моментот кога патникот ја напушта Македонија. |
| Стока за спортски цели која се употребува од страна на патникот за спортски натпревари, демонстрации или обука. | Стоката мора да е во сопственост на лице со седиште надвор од Македонија. |
| Туристички рекламен материјал - стока увезена со цел да ја потикне јавноста да посети друга странска земја со цел учество на културни, верски, туристички, спортски или стручни средби или прикажување. | Стоката мора да е во сопственост на лице надвор од Македонија. |
| Стока за хуманитарни цели, вклучувајќи медицинска, хируршка и лабораториска опрема и пратки за помош. | Стоката мора да е во сопственост на лице со седиште надвор од Македонија и да е испратена бесплатно. |
| Живи животни од сите видови за:<br>дресирање, тренирање, одгледување, потковување, вагање, ветеринарно лекување;<br>- увезени со намера за продажба;<br>- учество во приредби, изложби, натпревари или демонстрации;<br>- забава (циркуски животни итн.);<br>- патување (вклучувајќи и миленичиња на патници); | Животни, родени од животни опфатени со АТА карнет се сметаат за странска стока и се предмет на плаќање увозни давачки.<br>Животните мора да се во |

| | |
|---|---|
| - полициски кучиња или коњи, кучиња-трагачи, кучиња-водичи;<br>-операции за спасување;<br>-номадска испаша или испаша на земја; или<br>-медицински цели, на пр: доставување на змиски отров | сопственост на лице со седиште надвор од Македонија. Увозни давачки не се наплаќаат доколку:<br>-животното е ставено во постапка на привремен увоз; и истото биде извезено надвор од Македонија. |
| Резервни делови, помошни средства и опрема што се употребува за поправки и одржување, вклучувајќи влечење и прилагодување на стоката од АТА карнетот. | |

## А-8-5-3 Ставање стока во постапка

Стоката се става во постапка на привремен увоз врз основа на:

*ЦЗчл.140* 1. Декларирање стока “со кое било друго дејствие”

*ЦЗчл.136* 2. Декларирање на стока со употреба на усна декларација

*УСЦЗ член 116* 3. Царинска декларација во редовна постапка; или

*УСЦЗ член 191* 4. Непотполна декларација; или

*УСЦЗ член 192* 5. Поедноставена декларација во случај на поедноставена постапка за декларирање; или

*УСЦЗ член 192* 6. Запишување на стоката во евиденцијата во случај на постапка на локално царинење; или

*УСЦЗ член 324* 7. Документи со кои се врши пренесување на стока од еден имател на одобрение на друг.

Стоката мора да се стави во постапка за време на рокот на важење на одобрението, доколку претходно е дадено одобрение.

Поедноставените постапки се подетално објаснети во Дел А-6.

Царинската декларација во редовна постапка е подетално разгледана подолу.

Како што е споменато во делот А-8-5-2 постојат пет начини на декларирање стока во постапка на привремен увоз.

## *А-8-5-3-1 Декларирање стока “со кое било друго дејствие”*

**Царинење**

Стоката декларирана за привремен увоз “со било кое друго дејствие” вообичано не е предмет на никакви посебни постапки за царинење во врска со привремениот увоз.

*УСЦЗ член 390* Во ситуации кога стока се увезува привремено и се декларира "со кое било друго дејствие", царинскиот орган може да побара писмена ЕЦД декларација (обична или поедноставена), доколку:

- износот на царинските давачки е висок; или
- постои сериозен ризик на неисполнување на обврските што произлегуваат од постапката.

## *А-8-5-3-2 Декларирање на стока со употреба на усна декларација*

**Царинење**

Декларирањето на стока со усна декларација вообичаено го прати Попис кој го изготвува царинскиот орган на граничниот премин (царински орган на влез) во два примерока. По прегледот на стоката, одговорниот цариник го заверува пописот со потпис,печат и број од контролникот и еден примерок му дава на патникот-декларантот кој е должен да го приложи при повторен извоз на привремено увезената стока.Вториот примерок останува во евиденцијата на граничната царинска испостава.

Во патната исправа (на последната страна) на патникот кој ги декларирал стоките со усна декларација се запишува кратенка **“ПУС** привремено увезена стока", царинската испостава, бројот од контролникот и датумот:

**пример: ПУС 2060**
**К12бр.26/04.02.2006"**

*УСЦЗ член 136 (2)*

Оверениот примерок имателот е должен да го приложи на граничната царинска испостава на излез кога ќе треба да ја заврши постапката (царински орган за завршување на постапка). По прегледот на стоката, оригиналниот попис царинскиот орган го заверува, потврдува со печат и го архивира, а забелешката во патната исправа ја заверува со печат,со што се смета дека постапката на привремен увоз е завршена.

*УСЦЗ член 390* При привремен увоз на транспортни средства, лични предмети и предмети за спортување со употреба на усно барање, царинскиот орган може да побара да се приложи писмена декларација (обична или поедноставена), како што е опишано погоре, доколку:

- износот на царинските давачки е висок; или
- постои сериозен ризик на неисполнување на обврските од постапката.

## *А-8-5-3-3 Декларирање стока со поднесување ЕЦД*

Декларацијата се поднесува кај царинскиот орган надлежен за ставање на стоките во постапка, доколку декларантот не поседува одобрение за привремен увоз.
Доколку подносителот поседува додобрение издадено од Царинската управа, во декларацијата јасно се назначува бројот на одобрението за постапка на привремен увоз.

*УСЦЗ член 321* На барање на имателот на одобрението кое се поднесува во слободна форма, надзорниот царински орган може во исклучителни случаи со забелешка на барањето да одобри царинската декларација за ставање во постапка да се поднесе кај царински орган кој не е наведен во одобрението.

**ЕЦД**

*УСЦЗ член 116*
*УСЦЗ член 120* Царинска декларација во редовна постапка се поднесува на Единствен царински документ, со пополнување на сите рубрики согласно Правилникот за пополнување на ЕЦД

.

При пополнувањето на ЕЦД треба да се обрне посебно внимание на следниве рубрики:

| Рубрика | Податоци што се внесуваат |
|---|---|
| **1** | Во првата подрубрика се запишува "IMA" заедно со соодветната буква од табела 2. .(А за редовна постапка) додека во втората подрубрика се впишува првата бројка од шифрата наведена во првата подрубрика од рубриката 37 |
| **8** | Назив, седиште и даночен број на имателот на одобрение или подносителот на барање во случај на поедноставено одобрение. |
| **31** | Детален опис на стоката како што се бара во одобрението или трговски опис во доволно детали за да се овозможи идентификација на стоката во случај на поедноставено давање одобрение. |
| **33** | Тарифна ознака на стоката запишана во рубрика 31. |
| **37** | Во оваа рубрика се запишува соодветната Шифра од кодексот на шифри |
| **44** | -Сенаведува шифрата **G 01** бројот на царинската гаранција Повикување (број и датум) на одобрението за привремен увоз и шифрата на надзорниот царински орган, доколку е дадено |
| **47** | шифра за прва колона / шифра за последна колона<br>A00 — Износ — R<br>B00 — Износ — А или G<br>F10 — Износ — Аили G |

| | |
|---|---|
| **49** | Во втората подрубрика на оваа рубрика се пополнува бројот на деновите , периодот до кога постапката на привремен увоз е одобрена (царинската гаранција треба да го покрива царинскиот долг за овој период) |

**Документи што ја придружуваат декларацијата:**

*УСЦЗ чл.127(1)б)* Кон царинската декларација треба да бидат приложени

- фактура врз основа на која се декларира царинската вредност на стоката
- фотокопија од одобрението за спроведување на постапката (кога се поднесува со претходно издадено одобрение)
- сите други документи потребни за примена на прописите (транзитни документи)
- документи што ја придружуваат декларацијата за ставање стока во постапка при поедноставено давање одобрение .
- обезбедување на царинскиот долг гаранција

***Царинење со одобрение на образец***

Покрај редовното царинење и контрола кои се вршат кога стоката се пушта во постапка на приверемен увоз (вредност на стоката, царинска вредност, увозни давачки и ДДВ итн.) мора да се направат следниве проверки:

- Мора да се поднесе фотокопија од одобрението заедно со декларацијата
- Одобрението мора да е важечко
- Увезената стока мора да е наведена во рубрика 7 од одобрението
- Декларацијата мора да биде пополнета согласно горенаведените упатства за пополнување на рубриките во ЕЦД
- Мора да биде обезбедена соодветна гаранција
- Одложените увозни давачки, ДДВ итн. врз основа на царинската вредност и царинската стапка што се применува во моментот на прифаќање на декларацијата за привремен увоз
- Се применуваат мерките на трговска политика кои се однесуваат на внесување на стока во царинскотот подрачје (како мерки за заштита). А не се применуваат мерките на трговска политика кои се однесуваат на пуштање на стока во слободен промет.

***Царинење - поедноставено барање или одобрение***

Кога се употребува поедноставено барање, царинскиот орган за ставање во постапка е должен да ја достави декларацијата, пред нејзиното прифаќање и сите приложени документи до надзорниот царински орган, кој на поедноставеното барање за одобрување на привремен увоз (Прилог) става забелешка “се одобрува” доколку се исполнети соодветните услови.

По завршувањето на декларацијата за привремен увоз, царинскиот орган за ставање во постапка е должен да ја достави оригиналната декларација со сите приложени документи до надзорниот царински орган, кој врши надзор над спроведувањето на постапката.

Во случај кога за ставањето на стоките во постапка на привремен увоз одлучува внатрешната царинска испостава, ЕЦД за привремен увоз не се доставува до надзорниот орган.

***Надзорниот орган одлучува во кои случаи ќе ја одобрува постапката на привремен увоз со целосно ослободување, а во кои царинската испостава каде што стоките се ставаат во постапка***
***Надзорниот орган одлучува во следниве случаи***
***-за постапка на привремен увоз со делумно ослободување дел А-8-5-1-2***
***-стока подложена на тестирање експеримент или демонстрирање дел А-8-5-1-1-16***

## *А-8-5-3-4 Декларирање стока со употреба на АТА карнет*

При ставање на увид на АТА карнетот, истиот претставува декларација за привремен увоз. При тоа не се бараат дополнителни декларации.

Царински орган за ставање во постапка вообичаено е граничната царинска испостава.

Сепак, доколку граничната испостава за ставање во постапка не може да ја започне постапката на привремен увоз, дозволува стоката која е опфатена од АТА карнетот кој се употребува како транзитен документ да биде упатена до внатрешна царинска испостава каде што ќе биде ставена стоката во постапка на привремен увоз.

Царинскиот орган за ставање во постапка го превзема следното:

- ги заверува податоците дадени во рубриките од А до Е во листот за увоз;
- го пополнува талонот и рубриката Ж(Х) во листот за увоз; конечниот датум за повторен извоз на стоката што треба да

се запише во рубрика Ж(б) не смее да биде подоцнежен од датумот кога истекува важноста на карнетот;

- ги запишува називот и адресата на царинскиот орган за ставање во постапка во рубрика Ж(д) од листот за повторен извоз; и
- го задржува листот за увоз.

Граничната испостава за ставање во постапка е одговорна за надзор на постапката со тоа што води евиденција во контролникот за АТА карнети со податоците за имателот на карнет, датумот на ставање на стоките во постапка и рокот за повторен извоз (види дел А-8-5-4).

Спроведувањето на постапката на привремен увоз со  АТА карнет е објаснета во Упатство бр. 10-5737/1998 и 07-6014/2002година.

## А-8-5-4 Надзор над постапката

Надзорот на постапката зависи од видот на одобрение:

- Усно барање одобрение  дел А-8-5-4-2
- Поедноставено барање/одобрение -  дел А-8-5-4-3
- Одобрение на образец- дел А-8-5-4-4
- Одобрние АТА карнет  дел А-8-5-4-5

### *А-8-5-4-1 Усно барање/одобрение*

Царинската испостава каде што стоката се става во постапка со усна царинска декларација е надлежна да води евиденција во контролникот за дадени одобренија со усна декларација.
Царинската испостава каде што постапката на привремен увоз со усна декларација е завршена, должна е оверените пописи со кои се завршува започнатата постапка на привремен увоз да ги чува во својата евиденција заради вршење дополнителна контрола на целата постапка на привремен увоз од периодот на ставање на стоките во постапка на привремен увоз до нивно завршување.

### *А-8-5-4-2 Поедноставено одобрение  и одобрение на образец*

Надзорниот царински орган формира досие за секое поединечно одобрение. Досието ги содржи одобрението, оригиналните царински декларации со кои стоката се става во постапка и со кои завршува постапката, сите документи кои имателот на одобрение ги поднесува до надзорниот царински орган заради исполнување на своите обврски наведени во одобрението, како и пописите и записниците од контрола.

Царинскиот орган каде што завршува постапката на привремен увоз со ставање на стоките во друга царинска постапка должен е по завршување на постапката, за оние предмети за кои надзорниот орган води досие, декларацијата да ја достави до надзорниот царински орган заради раздолжување на постапката и архивирање на документацијата

***Доставување евиденција, попис итн.***

*УСЦЗ чл.392 (2)*
*УСЦЗ чл.326 (3)* Имателот на одобрение е должен да достави евиденција и/или попис до надзорниот царински орган во секое време кога тоа ќе го побара надзорниот царински орган, но вообичаено не постои обврска за периодично доставување евиденција или попис.

***Редовна контрола***

Надзорниот царински орган може да изврши контрола во просториите на имателите на одобренија. Контролата се врши со цел да се провери спроведувањето на пстапката, идентитетот на стоката, контрола на документацијата, како и евиденцијата за стоката .

Врз основа на увидот во евиденцијата, пописот и записниците од извршени контроли, како и останатите добиени или расположиви информации, надзорниот царински орган активно учествува во анализа на ризик и изготвувањето на профили за селективност при увозно-извозно царинење.

Доколку надзорниот царински орган утврди дека одобрението е дадено врз основа на неточни податоци или имателот на одобрение не ги исполнува обврските предвидени во одобрението и не ја спроведува правилно постапката и покрај укажувањата и опомените, доставува предлог за поништување или укинување на одобрението до Централната управа на Царинската управа. Кон предлогот се приложуваат и сите докази кои се потребни за одлучување (записник, опомена и други документи).

***А-8-5-4-3 АТА карнет***

Граничната царинска испостава каде што стоките се ставени во постапка на привремен увоз со АТА карнет е надлежна за надзор на постапката. И истата во контролникот за АТА карнети води евиденција за роковите за завршување на постапката на привремен увоз.

Граничната царинска испостава во одредени случаи може да достави до Секторот за контрола и истраги предлог за вршење контрола кај имателот на одобрението доколку смета дека постојат одредени индикации за правилното спроведување на постапката на привремен увоз.

Царинската испостава каде што постапката на привремен увоз е завршена, е должна примерокот од АТА карнетот со кој се завршува постапката на привремен увоз да го достави до царинската испостава каде што стоките

биле ставени во постапка на привремен увоз со АТА карнет. Оверениот примерок влезната царинската испостава го комплетира, ги споредува податоците и го раздолжува во контролникот за АТА карнети.

## А-8-5-5 Завршување на постапката

Постапката на привремен увоз се завршува врз основа на:

*ЦЗчл.140* 1. Декларирање стока “со кое било друго дејствие”

*ЦЗчл.136* 2. Декларирање на стока со употреба на усна декларација

*УСЦЗ член 116* 3. Царинска декларација во редовна постапка; или

*УСЦЗ член 191* 4. Непотполна декларација; или

*УСЦЗ член 192* 5. Поедноставена декларација во случај на поедноставена постапка за декларирање; или

*УСЦЗ член 192* 6. Запишување на стоката во евиденцијата во случај на постапка на локално царинење; или

*УСЦЗ член 324* 7. Документи со кои се врши пренесување на стока од друг имател на одобрение.

Постапката за стоката мора да заврши во рокот за завршување на постапката согласно одобрението.

*УСЦЗ член 331*

Поедноставените постапки подетално се разгледуваат во дел В-1 и .

Декларацијата се поднесува кај царинскиот орган за завршување наведен во одобрението.

*УСЦЗ член 321* На барање на имателот на одобрението кое се поднесува во слободна форма, надзорниот царински орган може со забелешка на барањето о да одобри царинската декларација за завршување да се поднесе кај царински орган кој не е наведен во одобрението.

***Дозволено постапување со стоката***

Постапката за стоката ставена во постапка на привремен увоз се завршува со употреба на еден од следните начини:

*УСЦЗ член 324*

- Пренесување на стоката на друг имател на одобрение за постапка на привремен увоз во Република Македонија

*УСЦЗ член 355*

- Повторен извоз на стоката од РМ;

*ЦЗ член 195(5)*

- Декларирање стока за слободен промет на домашниот Пазар;
- Уништување на стоката под царински надзор;
- постапката на привремен увоз завршува и со ставање на стоката во друга царински дозволена постапка, како на пример, царинско складирање(дел А-8-2), увоз за облагородување (А-8-3), преработка под царински надзор(А-8-4), слободна зона.

**А-8-5-5-1** ***Пренесување на стоки***

*УСЦЗ член 324*

На барање на имателот на одобрение царинскиот орган може да одобри стоките кои се во постапка на привремен увоз да бидат пренесени од еден имател на одобрение на друг имател.

Пренесувањето на стоките секогаш се врши со поднесување на (три листа) ЕЦД во редовна постапка која е подетално објаснета во Прилог 46 од УСЦЗ (во прилог на ова Упатство).

Инструмент за обезбедување на царинскиот долг се користи од имателот на одобрение.

Имателот на одобрение на кого се пренесени стоките е должен со поднесувањето на ЕЦД за ставање на стоките во постапка на привремен увоз, да ги заведе податоците во својата евиденција

Рокот кој што е определен во првото ЕЦД за ставање на стоките во постапка на привремен увоз, продолжува да тече и во новото ЕЦД кое е поднесено од имателот на одобрение на кого се пренесени стоките во постапка на привремен увоз.

*Пресметување на царинскиот долг (делумно ослободување)*

*ЦЗчлен 156(4)*

При пренесување на стоките од еден имател на одобрение на друг во постапка на привремен увоз со делумно ослободување од плаќање на увозни давачки, првиот имател на одобрение е должен износот на увозните давачки кои се пресметани за тој месец да ги подмири, со што постапката за пренесување на стоките би можела да биде одобрена од страна на надзорниот орган..

**А-8-5-5-2** ***Повторен извоз на стока***

*УСЦЗ член 116 и 120* За завршување на постапката со повторен извоз, имателот на одобрението мора да достави ЕЦД за повторен извоз заедно со сите потребни документи кај царинскиот орган за завршување на постапката.

Пополнувањето на рубриките во ЕЦД-то за повторен извоз се врши согласно Правилникот за пополнување на ЕЦД.
Посебно треба да се обрне внимание на следниве рубрики:

***Измена бр.1 (****07-12453/1/12.12.2005година)*

| | |
|---|---|
| **31** | Вообичаен трговски назив на стоката со сите потребни податоци кои овозможуваат идентификација на стоката, на начин како што тоа е дадено во одобрението. |
| **33** | Тарифна ознака на стоката запишана во рубрика 31. |
| **37** | Во оваа рубрика се запишува соодветната шифра од кодексот на шифри |
| **44** | Шифра на надзорен царински орган/евиденционен број на одобрението/година.Даночен број на имателот на гаранција / евиденционен број на гаранцијата кај царинскиот орган.<br>Се впишува шифра **G 20** / износ од долгот кој се раздолжува / евиденциониот број на гаранција |

*УСЦЗ член 128(1)* Кон царинската декларација се приложува:

- фактура врз основа на која се декларира стоката
- фотокопија од поедноставено одобрение за ставање на стоката во постапка на привремен увоз (доколку е издадена)
- ЕЦД со кое стоките се ставени во постапка на привремен увоз
- сите други документи потребни за примена на прописите.

**Потребни докази за повторен извоз на стоката**

За истовремено декларирање на стоката во извозна и транзитна постапка (заедничка извозно-транзитна постапка) се употребува сет на ЕЦД кој се состои од листовите 1,2, 3, 4 и 5.

Ако за извршување на транзитната постапка се употребува ТИР Карнет, за извозот на стоката се приложува ЕЦД кое се состои од листовите 1,2 и 3.

Со прифаќањето на ЕЦД царинскиот орган за завршување на постапката го оверува листот бр.1 кој претставува заеднички документ за извозната и за транзитната постапка при што рубриката А ја пополнува со бројот од контролникот за извоз и листовите со број 2 и 3 ги предава на декларантот,имателот на одобрение со што се смета дека е завршена постапката на привремен увоз, а понатаму на листот 1, од ЕЦД кој е зеднички за двете постапки ја пополнува рубриката Б со бројот од контролникот за транзитни декларации и примероците од

ЕЦД 4 и 5 му ги предава на декларантот кој заедно со стоката ги упатува до граничната царинска испостава.
Листот број 3 од ЕЦД заверен од царинска испостава за завршување на постапката на имателот на одобрение му претставува доказ за завршување на постапката.

***Измена бр.1*** *(07-12453/1/12.12.2005година)*

*Делумно ослободување*

По спроведувањето на постапката за повторен извоз која е претходно објаснета, декларантот во прилог на листот 3 од ЕЦД за повторен извоз, приложува пресметка за увозните давачки за периодот на привремениот увоз до надзорниот царински орган заради раздолжување на постапката.
Надзорниот царински орган изготвува решение во кое ги пресметува увозните давачки согласно чл.156 од ЦЗ и по приемот на решението,го задолжува декларантот да го плати пресметаниот износ.

Доколку декларантот не го плати пресметаниот износ, надзорниот царински орган е должен да го наплати износот од инструментот за обезбедување кој е обезбеден уште при самото започнување на постапката на привремен увоз.

**А-8-5-5-3** ***<u>Декларирање стока за слободен промет</u>***

*ЦЗ член 103(1)*

Постапката на привремен увоз со целосно или делумно ослободување од плаќање на увозни давачки може да заврши со друг вид на царински дозволено постапување или употреба на стоката -со пуштање во слободен промет

Доколку имателот на одобрение стоката што била во постапка на привремен увоз ја декларира за слободен промет, тој мора да ги плати увозните давачки, како и компензаторната камата на износот на увозните давачки (види дел А-8-5-6).

*ЦЗ член157*
*ЦЗ член230*

При пуштање на стоките во слободен промет со целосно ослободување износот на долгот се утврдува врз основа на елементите за утврдување на давачките што важат во моментот на настанување на царинскиот долг, со прифаќање на декларацијата за пуштање во слободен промет од страна на царинскиот орган.

ЦЗчлен 157(2) Кога царинскиот долг, за стока која е ставена во постапка за привремен увоз со делумно ослободување од плаќање на увозни давачки, настанал од други причини, а не поради ставањето на стоката во наведената

постапка, износот на тој долг е еднаков на разликата меѓу износот на давачките пресметани во согласност со износот на царинскиот долг утврден врз основа на елементите за утврдување на увозни давачки кои важат за стоката во моментот на прифаќање на царинската декларација за нејзино ставање во постапка на привремен увоз со делумно ослободување

Тарифната ознака и количината на стоката мора да одговара со состојбата на стоката во моментот на нејзиното прво ставање во постапка на привремен увоз.

За стоките кои биле во постапка на привремен увоз, при поднесување на ЕЦД за пуштање во слободен промет важат мерките на трговска политика за пуштање на стоки во слободен промет.( дел А-5)

За завршување на постапката на привремен увоз, со пуштање на стоката во слободен промет декларација со листовите 6, 7 и 8 од ЕЦД и пресметка на увозните давачки кои треба да бидат платени мора да се поднесе кај царински орган за завршување на постапката.

По завршувањето на постапката, ЕЦД-то за пуштање на стоките во слободен промет се доставува до надзорниот орган доколку истиот води досие за тој имател на одобрние заради архивирање.

| Рубрика | Податоци што се внесуваат |
|---|---|
| **1** | Во првата подрубрика се запишува шифрата од кодексот на шифри (IM) а во втората подрубрика се запишува првата буква од табела 2(редовна постапка А, Б,Ц). и првата бројка од шифрата наведена во првата подрубрика од рубриката 37 |
| **8** | Назив, адреса и даночен број на имателот на одобрение. |
| **31** | Вообичаен трговски назив на стоката со сите потребни податоци кои овозможуваат идентификација на стоката со цел пресметка на давачките. |
| **33** | Тарифна ознака на стоката запишана во рубрика 31. |
| **37** | Во оваа рубрика се запишува соодветната Шифра од кодексот на шифри |
| **44** | Шифра на надзорен царински орган/евиденционен број на одобрението/година. |
| **47** | Пресметка на давачки (увозни давачки, ДДВ и компензаторна камата) со вид на давачки во првата колона и начин на плаќање на давачките во последната колона. |

**А-8-5-5-4** ***<u>Уништување на стока</u>***

*ЦЗ член 191*
*УСЦЗ член 427*

Доколку имателот на одобрение сака да ја уништи увезената стока од која било причина, тој може да го стори тоа и на тој начин постапката

се завршува без плаќање на увозни давачки. Врз основа на поднесено барање од имателот на одобрението, надзорниот царински орган одобрува уништување на стоката под царински надзор.

*ЦЗ член 191 (5)*

За завршување на постапка на привремен увоз со уништување, имателот на одобрение мора да поднесе ЕЦД за стоката кај царинскиот орган за завршување на постапката. Кон ЕЦД се приложува одобреното барање за уништување од надзорниот царински орган и записник за уништувањето.

Во наредните рубрики се внесуваат следните податоци:

| Рубрика | Податоци што се внесуваат |
|---|---|
| **1** | Во првата подрубрика се запишува шифрата од кодексот на шифри (IM) а во втората подрубрика се запишува соодветна буква од табела2 (редовна постапка А, Б,Ц). и првата бројка од шифрата наведена во првата подрубрика од рубриката 37( 9) |
| **8** | Назив, адреса и даночен број на имателот на одобрение. |
| **31** | Вообичаен трговски назив на стоката со сите потребни податоци кои овозможуваат идентификација на стоката (добиени производи или стока во непроменета состојба). |
| **33** | Тарифна ознака на стоката запишана во рубрика 31. |
| **37** | Во оваа рубрика се запишува соодветната Шифра од кодексот на шифри |
| **44** | Шифра на надзорен царински орган/евиденционен број на одобрението/година. |

Доказ во евиденцијата на имателот на одобрението е примерокот од декларацијата ИМ 9 заверена од страна на надзорниот царински орган.

**АТА**

АТА карнетот мора да биде доставен до царинскиот орган за завршување на постапка.

Царинскиот орган за завршување на постапка:

а) ги пополнува талонот и рубриката Ж(Х) од листата за повторен извоз;
б) ја задржува листата за повторен извоз и без одложување ја враќа на царинскиот орган наведен во рубрика Ж(д).

## А-8-5-6 Компензаторни камати

### *А-8-5-6-1 Општо*

*УСЦЗ член 330 (1)*

Овој дел дава објаснување за компензаторните камати што се наплаќаат на износот на увозни давачки кога стоката (стока во непроменета состојба и добиени производи ) што се наоѓа во постапка на привремен увоз се пушта на домашниот пазар.

*УСЦЗ член 330 (2)* Компензаторна камата се пресметува во висина на просечната пондерирана каматна стапка на пазарот на пари објавена во месечниот билтен на Народната Банка на Република Македонија или на министерството за финансии.

Компензаторните камати се наплаќаат за стока во постапка на привремен увоз заради спречување на лицата кои ја пуштаат ваквата стока во слободен промет да стекнуваат финансиска предност пред лицата кои увезуваат директно за домашниот пазар и кои немаат можност да не ги платат увозните давачки при увоз на истата стока.

***Измена бр.1*** *(07-12453/1/12.12.2005година)*

### *А-8-5-6-2 Начин на пресметување*

*УСЦЗ член 330 (3)*

Компензаторните камати се пресметуваат за период од првиот ден од месецот кој што следи по месецот во кој стоката за која настанал царински долг,била првпат ставена во постапка на привремен увоз до последниот ден од месецот во кој стоката се пушта во слободен промет и настанал царинскиот долг.

Доколку стоката не се употреби на начинот за кој што е дадено одобрението до крајот на рокот за завршување на постапката и не е побарано продолжување на рокот, долгот настанува на наредниот ден по датумот кога истекува рокот за завршување на постапката.

***Примери - пресметка***

Во обата примера висината на месечната каматна стапка е дадена само како пример.

**Пример**

Царинскиот орган на подносителот на барање му одобрува привремен увоз на машина со делумно ослободување која ќе се користи во производствен процес во период од 20.03.2005година до 10.06.2005година.

Вредноста на машината изнесува10.000,00 ЕУР, трошоците на транспортот и осигурувањето надвор од царинското подрачје на РМ изнесуваат 100.000,00 денари, додека трошоците на превозот и осигурувањето до местото на намена изнесуваат 10.000,00ден. На ден 19. 03 2005 год. била поднесена царинска

декларација за привремен увоз со шифра во рубрика 37 (53Д51), одреден е рок на повторен извоз на 10.06. 2005 год.

*Курс: 1 ЕУР = 61,30 ДЕН*
*Вредност на привремено увезена стока: 613,000,00ДЕН*
*Превоз и осигурување до македонска граница : 100.000 ДЕН*
*Царинска вредност на стоката: 713.000,00 ДЕН*
*Превоз и осигурување до местото на намена: 10.000,ДЕН*
*Царинска стапка: 10 %*
*Стапка на ДДВ: 18 %*
1**) Износот на увозните давачки доколку стоката би се пуштила во слободен промет на денот кога била ставена во постапка за привремен увоз (19. 03.2005)**

***Измена бр.1*** *(07-12453/1/12.12.2005година)*

*а) царина = царинска вредност х стапка = 713,000,00ден х 10% = 71.300,00ден*
*б) ДДВ = даночна основа х стапка = (царинска вредност + царина + превоз и осигурување до местото на намена) х.18%=794 .300,00ден х 18% =142.974,00ден*
*ц) вкупно давачки = царина + ДДВ = 71.300,00ден + 142.974,00ден = 214.274,00ден*

2) **Висината на увозните давачки во случај привремено увезената стока со делумно ослободување да не се извезува повторно, туку се пушта во слободен промет (10. 06. 2005) согласно членот 144/2 од ЦЗ:**

*а) царина = царина при пуштање во слободен промет и царина за време на привремен увоз = 71.300,00ден*
*б)износот на ДДВ не се плаќа бидејќи истиот е претходно наплатен види пример во дел А-8-5-1-2*
*в) вкупно давачки = (царина + ДДВ) = 71.300,00ден + 0 =71.300,00ден*
*г)компензаторна каматна стапка за месец април на годишно ниво 10%*
*д) се пресметуваат компензаторна камата на за период од 01. 04.2005 год. до 30.06. 2005 год.**= за 3 месеци***
*г) износ на компензаторна камата 3мес.**х**(10% : 12 месеци)**х**71.300,00*
*3мес.**х** 0.83% **х** 71.300,00ден = 2,5%**х** 71.300,00=1782.,00*

*Со оглед да износот на компензаторната камата е поголем од 20 ЕУР истиот се наплатува*

***А-8-5-6-4*** ***Стапка***

*УСЦЗ член 330 (2)*
*ЦЗ член 245*

Се применуваат тримесечните каматни стапки на пазарот на пари објавени во билтенот на Народна банка на Република Македонија кои сеноѓаат на интернет страната www.nbrm.gov.mk/меѓубанкарски пазар на пари/ каматна стапка. Стапката што се применува е онаа што се применувала два месеца пред месецот во кој настанал царинскиот долг.

Имателот на одобрение мора да направи пресметка за компензаторна камата на посебен лист или да даде објаснување зошто смета дека важи исклучокот за плаќање на компензаторна камата. Пресметаната компензаторна камата се внесува во рубрика 47 од ЕЦД и се додава на вкупниот износ на увозни давачки.

### *А-8-5-6-5* *Исклучоци*

*УСЦЗ член 330 (4)* Не се пресметува камата доколку:

- Периодот за камата е пократок од еден месец;

- Каматата за стоката пуштена во слободен промет не го надминува износот од 20 евра (во денарска противвредност за настанатиот царински долг);

- Царинскиот долг настанал со цел да се овозможи примена на преференцијален тарифен третман при увоз во друга земја, во сигласност со договор меѓу Република Македонија иа таа земја(ЦЗ член 232);

- Стоката се уништува под царински надзор, и добиениот отпад и остаток се пуштаат во слободен промет;

- Споредните добиени производи под услов да се пропорционални на извезената количина се пуштаат во слободен промет;

- Имателот на одобрение може да докаже дека нарачката за извоз е откажана поради околности вон негова контрола. Тој мора да испрати писмен доказ до надзорниот царински орган со кој го докажува тоа;

  **Забелешка -** Доколку имателот на одобрение сака да ја пушти стоката во слободен промет додека се разгледува неговото барање, мора да обезбеди гаранција за покривање на целиот износ на можната камата.

- Поднесена е гаранција во облик на готовински депозит најмалку во висина на давачките што треба да се платат;

Со стапувањето во сила на ова Упатство престанува да се применува Упатството бр.02-1100/1од 22.03.2000 година.

# Прилог Е (листа на лични предмети)

**Личните предмети во согласност со членот 375 од УСЦЗ се дадени во следната нецелосна листа:**

- облека, тоалетни предмети, личен накит;
- фотографски и видео камери заедно со разумна количина на филмови и помошни средства;
- преносливи проектори за слајдови или филмови и помошни средства заедносо разумна количина на слајдови или филмови;
- видео камери и преносливи видео рекордери со разумна количина ленти;
- преносливи(портабл): музички инструменти, грамофони со плочи, аудио рекордери и апарати за аудио репродукција (вклучувајќи диктафони) со ленти, радио приемници, телевизори, машини за чукање, дигитрони, персонални компјутери;
- двоглед, детски колички, инвалидски колички;
- спортска опрема како на пример шатори и друга камперска опрема, рибарска опрема, планинарска опрема, нуркачка опрема, спортско оружје со муниција, велосипеди без мотор, кануа или кајаци со должина помала од 5.5 метри, скии, тениски рекети, даски за сурфање, сурфер, параглајдери, опрема за голф;
- преносливи апарати за дијализа и слични медицински апарати, предмети за една употреба увезени за нивна употреба; и
- други предмети кои  единствено се за лична употреба.

# Прилог Ж (листа на стока за спортски цели)

**Стоката за спортски цели во согласност со членот 375 од УСЦЗ се дадени во следната нецелосна листа:**

- теренска и атлетска опрема, како на пример: пречки, копја, дискови, стапови, гулиња, кладива;
- опрема за игри со топка, како на пример: секаков вид топки, рекети, палки, стапови, прачки и слично; секакви мрежи и греди за голови;
- опрема за зимски спортови, како на пример: скии и стапови, санки, стапови за спортови на мраз. Спортска облека, чевли, нараквици, штитници за глава, итн.;
- опрема за спортови на вода, како што се кануа и кајаци, едреници и чамци со весла, едра, весла и педалини, даски за сурфање и едреници;
- моторни возила и пловила, како што се автомобили, моторцикли, моторни чамци;
- опрема за разновидини настани, како што се спортско оружје и муниција; велосипеди без мотор, лакови и стрели; опрема за мечување, гимнастичка опрема, компаси, простирки и сламени простирки, опрема за кревање товар, опрема за јавање, тркачки кочии едноседи, параглајдери, сурфери, планинарска опрема, музички касети како придружба за изведба; и
- помошна опрема, како што е опрема за мерење и прикажување резултати, апарати за анализа на крв и урина.

# Прилог З (листа на професионална опрема)

**Професионалната опрема во согласност со членот 380 од УСЦЗ се дадени во следната нецелосна листа:**

- опрема за радио и телевизиска продукција и емитување и возила специјално адаптирани за употреба на истата и нивната опрема што се увезува од страна на јавни или приватни организации со седиште надвор од Македонија со одобрение на надзорниот орган;

- опрема за печат: персонални компјутери, телефакс опрема, машини за пишување, секакви видови камери (филмски и електронски камери), апарати за емитување звук или слики, снимање или репродукција (видео рекордери и аудио рекордери и видео репродуктори, микрофони, микс пултови, звучници), медиуми за снимање на аудио и видео материјали, празни или снимени, инструменти и апарати за тестирање и мерење, (осцилографи, системи за тестирање на магнетофони и видео рекордери, мултиметри, кутии и вреќи за алати, векторскопи, видео генератори, итн.) опрема за осветлување (рефлектори, конвертори, триногарки), оперативни помошни средства, помошна опрема (касети, опрема за мерење на осветлување, леќи, троногарки, батерии на полнење, каиши за акумулатори, полначи на батерии, монитори).

- опрема за емитување звук, како што се: телекомуникациска опрема за, на пример емитувачи-приемници или трансмитери, терминали што можат да се поврзат на мрежа или на кабел, сателитски врски, опрема за производство на аудио фреквенција (приемник на звук, апарати за снимање или репродукција), инструменти и апарати за тестирање и мерење, (осцилографи, системи за тестирање на магнетофони и видео рекордери, мултиметри, кутии и вреќи за алати, векторскопи, видео генератори, итн.) оперативни помошни средства (часовници, штоперици, компаси, микрофони, микс пултови, звучни ленти, агрегати, трансформатори, батерии и акумулатори, полначи на батерии, опрема за греење, климатизација и вентилација, итн.), медиуми за снимање звук, празни или снимени.

- Опрема за телевизиско емитување, како на пример: телевизиски камери, телекино, инструменти и апарати за тестирање и мерење, апарати за пренос и преземање на пренос, комуникациски апарати; апарати за снимање и репродуцирање на звук или слика (магнетофони и видео рекордери и видео плеери, микрофони, миксети, звучници), опрема за осветлување (рефлектори, трансформатори, стативи), монтажна опрема, прибор за ракување (часовници, хронометри, компаси, објективи, стативи, експозиметри, стативи, полначи на батерии, касети, генератори, трансформатори, батерии и акумулатори, апарати за затоплување, климатизација и вентилација, итн), носачи на звук или слика, празни или снимени (филмски шпици, сигнали за повикување на станица, музички инсерти, итн), "пробни снимки", музички инструменти, костими, украси и други сценски реквизити, постаменти, материјал за шминкање, фенови, возила дизајнирани или посебно прилагодени за употреба на овој став, како што се: возила за телевизиски пренос, возила за телевизиска опрема, возила за видео снимање, возила за снимање и репродукција на звук, возила за забавени ефекти, возила за осветлување.
- кинематографска према, како што се: камери од сите видови (филмски и електронски камери), инструменти и апарати за тестирање и мерење (осцилографи, систем за тестирање на магнетофони и видео рекордери, мултиметри, кутии и торби за алат, векторскопи, видео генератори, итн),

камери за подвижно снимање и камери со можност за вертикално поместување, опрема за осветлување (рефлектори, конвертори, триногарки), опрема за монтирање, апарати за снимање и репродуцирање на звук или слика (магнетофони и видео рекордери и видео плеери, микрофони, миксети, звучници), носачи на звук или слика, празни или снимени (филмски шпици, сигнали за повикување на станица, музички инсерти, итн), "пробни снимки", прибор за ракување (часовници, хронометри, компаси, микрофони, миксети, магнетофонски ленти за звук, генератори, трансформатори, батерии и акумулатори, полначи на батерии, апарати за затоплување, климатизација и вентилација, итн), музички инструменти, костими, украси и други сценски реквизити, постаменти, материјал за шминкање, фенови. Возила дизајнирани или посебно прилагодени да бидат користени за целите наведени во овој став.

- друга опрема за подигање, тестирање, ставање во погон, проверка, контрола, одржување или поправање на машини, постројки, транспорти средства, итн, како што се: алати, опрема и инструменти за мерење, проверка или тестирање (на температура, притисок, растојание, висина, површина, брзина, итн), вклучувајќи и електрични инструменти (волтметри, амперметри, кабли за мерење, компаратори, трансформатори, инструменти за снимање, итн) и стеги, и опрема и апарати за фотографско снимање на машини и постројки за време и после нивното монтирање, апарати за премер на бродови.

И опрема на:

- деловни луѓе, деловни советници, стручни лица за продуктивност, сметководители или припадници на слични занимања, како што се: лични компјутери, машини за пишување, апарати за пренос, снимање или репродуцирање на звук или слика, инструменти и апарати за сметање.
- стручни лица кои вршат топографски или геофизички истражувања, како што се: инструменти и апарати за мерење, опрема за дупчење, апарати за пренос и комуникација.
- стручни лица кои работат на намалување на загадувањето.
- лекари, хирурзи, ветеринарни хирурзи, бабици и лица со слични занимања (инструменти и апарати).
- лекари кои им помагаат на пациенти кои чекаат на пресадување на орган.
- археолози, палеонтолози, географичари, зоолози, и други научници.
- забавувачи, театарски групи и оркестри, како и сите предмети користени за јавни или приватни настапи (музички инструменти, костими, сценографија, итн).
- предавачи заради илустрација на нивните предавања.
- фотографи (разни фотографски апарати, касети, експозиметри, објективи, триногарки, акумулатори, батериски ремени, полначи за батерии, монитори, опрема за осветлување, модна стока и прибор за модели, итн.)
- возила дизајнирани или посебно прилагодени за употреба за горенаведените цели, како што се мобилни единици за инспекција, возила - работилници и возила - лаборатории.

## ПРИЛОГ 54 (УМЕТНИЧКИ ДЕЛА, КОЛЕКЦИОНЕРСКИ ПРЕДМЕТИ И АНТИКВИТЕТИ) член 387 УСЦЗ

(а) "Уметничко дело" е:

-слики, колажи и слични декоративни плочи, слики и цртежи целосно рачно изработени од уметникот, освен планови и цртежи кои се користат за архитектонски, градежни, индустриски, комерцијални, топографски или слични цели и рачно украсени произведени предмети. Театарска сценографија, позадински платна за студио или слично од сликано платно (тарифен број 9701);

-оригинални гравури, графики и литографии, кои претставуваат црно-бели отпечатоци или отпечатоци во боја направени во ограничен број директно од една или неколку плочи целосно рачно изработени од уметникот, без оглед на постапката или материјалот кои ги употребил, но без употреба на механички или фотомеханички постапки (тарифна ознака 9702 00 00 00)

-оригинални скулптури и статуи, од било кои материјали, под услов да се целосно изработени од уметникот, калапи за скулптури чиј број е ограничен на осум копии, а ги надгледува уметникот или лице кое тој го определил (тарифна ознака 9703 00 00 00 );

-таписерии (тарифна ознака 5805 00 00 00) и ѕидни покривки (тарифен број 6304) рачно изработени по оригинални нацрти подготвени од уметникот, под услов да нема повеќе од осум копии од секоја од нив;

-поединични керамички парчиња во целост изработени од уметникот и кои носат негов потпис;

-слики на бакар целосно рачно изработени, ограничени на осум нумерирани копии кои носат потпис на уметникот или студиото, со исклучок на накит, златни и сребрени предмети;

-фотографии снимени од уметникот, кои тој ги изработил или кои се изработени под негов надзор, потпишани, нумерирани и ограничени на 30 копии, вклучувајки ги сите големини и рамки;

(б) "Колекционерски предмети" се:

-поштенски или таксени марки, поштенски жигови, пликоа од првиот ден, писма со веќе втиснати марки и слично, со однапред платена поштарина, односно ако се без однапред платена поштарина, да не представуваат законско средство за плаќање и да не се наменети за користење како законско средство за плаќање (тарифна ознака 9704 00 00 00);

-колекции и колекционерски предмети од зоолошко, ботаничко, минеролошко, анатомско, историско, археолошко, палеоантолошко, етнографско или нумизнатичко значење (тарифна ознака 9705 00 00 00)

(в) "Антиквитети" се предмети кои не се уметнички предмети или колекционерски предмети, а се постари од 100 години (тарифна ознака 9706 00 00 00)

## *ПРИЛОГ 55(СЛУЧАИ ВО КОИ ВНЕСУВАЊЕТО НА СТОКА ЗА ПРИВРЕМЕН УВОЗ СО ПИСМЕНА ДЕКЛАРАЦИЈА НЕ Е ПРЕДМЕТ НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ГАРАНЦИЈА)*

1. Материјали кои припаѓаат на воздухопловни, бродски или железнички компании или поштенски служби и се употребуваат од нив во меѓународниот сообраќај, под услов да се соодветно обележани;
2. Амбалажа увезена празна, која на себе има неизбришливи, неотстранливи обележја;
3. Материјал за помош во случај на несреќа наменет за државните органи или други служби овластени од државните органи;
4. Медицинска, хируршка и лабораториска опрема наменета за болници или медицински установи кои имаат итна потреба од оваа опрема.
5. Ставање на стока во постапка на привремен увоз која е пренесена согласно член 324 од оваа Уредба, кога претходниот имател ја ставил во постапка за привремен увоз согласно член 136 или 139 од оваа Уредба.

# Прилог 27 (обрасци на барање и одобрение)

## ОБРАСЦИ НА БАРАЊЕ И ОДОБРЕНИЕ

ОПШТИ ЗАБЕЛЕШКИ

Формата на образецот не е строго определена; на пр. наместо рубрики царинскиот орган може да одреди образецот да биде со линии или ако е потребно просторот определен за рубриката да се прошири.

Меѓутоа, редните броеви и соодветниот текст се задолжителни.

Царинскиот орган може да одреди рубрики или линии за национални потреби. Овие рубрики или линии се означуваат со реден број и голема буква (на пр. 5А).

Начелно рубриките со редни броеви напишани со црни масни букви задолжително се пополнуваат. Забелешките се однесуваат на исклучоците.

Појаснувачките на забелешки треба да ги содржат шифрите за економските услови за увоз за облагородување  согласно со Анекс 44 70.

**Барање за давање одобрение за употреба на царинска постапка со економски ефект**

Забелешка: Ве молиме обрнете внимание на соодветните коментари при пополнување на овој образец

<table>
<tr><td colspan="4">1. Подносител на барањето</td><td colspan="4">Резервирано за царински цели</td></tr>
<tr><td colspan="4">2. Царинска постапка(и)</td><td colspan="2">3. Вид на барање</td><td colspan="2">4.Дополнителни обрасци</td></tr>
<tr><td colspan="8">5. Место и вид на книговодство/евиденција</td></tr>
<tr><td colspan="4">6. Рок на важење на одобрението<br>а | | б |</td><td colspan="4"></td></tr>
<tr><td colspan="8">7. Стока која се става во царинска постапка</td></tr>
<tr><td colspan="2">Тарифна ознака</td><td colspan="2">Опис</td><td colspan="2">Количина</td><td colspan="2">Вредност</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td colspan="2"></td><td colspan="2"></td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="8">8. Добиени или облагородени производи</td></tr>
<tr><td colspan="2">Тарифна ознака</td><td colspan="4">Опис</td><td colspan="2">Норматив</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td colspan="4"></td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td colspan="8">9. Податоци за планираните активности</td></tr>
<tr><td colspan="8">10. Економски услови</td></tr>
<tr><td colspan="8">11. Царински орган(и)</td></tr>
<tr><td>а.</td><td colspan="7">за ставање во постапка</td></tr>
<tr><td>б.</td><td colspan="7">за завршување</td></tr>
<tr><td>в.</td><td colspan="7">надзорен орган</td></tr>
<tr><td colspan="2">12. Идентификација</td><td colspan="2">13.Рок за завршување (месеци)</td><td colspan="3">14. Поедноставени постапки<br>А | | б |</td><td>15 Пренесување</td></tr>
<tr><td colspan="8">16. Дополнителни податоци</td></tr>
<tr><td colspan="8">17.<br>Потпис ............................................ Датум ...............................................<br>Име ..................................................</td></tr>
</table>

**Одобрение за употреба на царинска постапка со економски ефект**

| | |
|---|---|
| | ...........................................................<br>(Број на одобрение) |
| 1. **Имател на одобрение** | **Орган кој го издал одобрението** |

| |
|---|
| 1а. **Ова одобрение се однесува на вашето барање (број и датум)** |

| | | |
|---|---|---|
| 2. **Царинска постапка(и)** | **3. Вид на одобрение** | 4. Дополнитални обрасци |

| |
|---|
| 5. **Место и вид на книговодство/евиденција** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **6. Рок на важење на одобрението** | | | | |
| **а** | | **б** | | |

7. **Стока која може да се стави во царинска постапка**

| Тарифна ознака | Опис | Количина | Вредност |
|---|---|---|---|
| | | | |

8. Добиени или преработени производи

| Тарифна ознака | Опис | Норматив |
|---|---|---|
| | | |

| |
|---|
| 9. **Податоци за планирани активности** |
| 10. **Економски услови** |

| | |
|---|---|
| 11. **Царински орган(и)** | |
| а. | **за ставање во постапка** |
| б. | **за завршување** |
| в. | **надзорен орган** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 12. **Идентификација** | 13.**Рок за завршување (месеци)** | 14. Поедноставена постапка | | | | 15. Пренесување |
| | | а | | б | | |

| |
|---|
| 16. Дополнителни податоци/услови (на пр. барана гаранција) |

| | | |
|---|---|---|
| 17. | | |
| **Датум** | **Потпис** | **Печат** |
| | **Име** | |

| **ПРИВРЕМЕН УВОЗ - Поедноставено давање на одобрение (чл. 314 од Уредбата за примена на ЦЗ)** | |
|---|---|
| **Царински орган** | **Број/година на царинската декларација** (*пополнува царинскиот орган*): |
| **1. Подносител на барање за издавање на одобрение** (назив, адреса, даночен број)**:** | |
| **2. Вид на употреба на стоката:** | |
| **3. Стока која се увезува:** | |
| **4. Истоветност на стоката**: | |
| **5. Рок за завршување на постапката:** | |
| **6. Место на употреба на стоката:** | |

| Ред. бр. | Трговски назив и технички опис на стоката | Тарифна ознака | Количина | Вредност |
|---|---|---|---|---|

**ПРИВРЕМЕН УВОЗ**
**Попис што ја придружува усната царинска декларација**

<table>
<tr><td colspan="2">А. Декларант<br><br>Име:<br><br>Адреса:</td><td colspan="2">Б. Подносител на барање доколку не е истиот од рубрика А<br><br>Име:<br><br>Адреса:</td></tr>
<tr><td colspan="4">В. Стока што се става во постапка на привремен увоз</td></tr>
<tr><td colspan="2">Трговски/технички опис</td><td>Количина</td><td>Царинска вредност</td></tr>
<tr><td colspan="2"></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td colspan="2">Г. Вид на употреба и повикување на членот во УСЦЗ</td><td colspan="2">Д. Место на употреба на стоката</td></tr>
<tr><td colspan="4">Ѓ. Рок за повторен извоз (го пополнува царинскиот орган)</td></tr>
<tr><td colspan="4">Е. Изјава на декларантот<br><br>Се согласувам со условите за ослободување од плаќање за привремен увоз и постапката на усна декларација наведени во Уредбата на спроведување на Царинскиот закон.<br><br>Потпис:<br><br>Име (со големи букви):<br><br>Датум:</td></tr>
<tr><td>Ж. Царинскиот орган го заверува ставањето во постапка<br><br>Датум:<br><br>Потпис:<br><br>Име (со печатни букви):<br><br>Граничен премин:<br><br>Печат</td><td colspan="3">З.Царинскиот орган го заверува завршувањето на постапката<br><br>Датум:<br><br>Потпис:<br><br>Име (со печатни бувки):<br><br>Граничен премин:<br><br>Печат</td></tr>
</table>